
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2006

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

И

АНАЛИЗА НА ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА НА ФОНДОТ И ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Скопје, април 2007


ФОНД ЗА
ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА





Директор на ФЗОМ



Менаџерскиот тим на ФЗОМ

СОДРЖИНА

ВОВЕД..... 8
ПРВ ДЕЛ 11
1.Работа на Фондот.....**12**
2. Управување со Фондот.....**12**
3. Спроведување на задолжително здравствено осигурување **14**
4. Осигурени лица **14**
4.1.Право на здравствени услуги.....16
4.2. Права на парични надоместоци.....16
4.2.1. Надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда.....16
4.2.2. Надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.....17
4.2.3. Надоместок на патни трошоци.....17
5. Рефундација на средства за лекови и медицински материјал **17**
6. Ослободување од плаќање партиципација.....**18**
7. Право на користење на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства **18**
8. Право на лекување во странство..... .....**19**
8.1.Лекување во странство со речение на Фондот.....19
9. Постапка за остварување на право од здравственото осигурување.....**20**
9.1.Утврдување на својство на осигуреник.....20
9.2.Управна постапка за остварување на правата и обврските на осигурените лица.....20
9.3.Жалбена постапка за права од здравствено осигурување..... 21
9.4.Управни спорови за права од здравствено осигурување..... 22
9.5.Управна постапка за облог со придонес во приватен сектор..... 24
9.6. Жалбена постапка за придонес..... 24
9.7. Управни спорови за облог со придонес за здравствено осигурување..... 24
9.8.Поднесени барања за погрешно или повеќе уплатен придонес за здравствено осигурување..... 24
9.9.Упатување на инвалидска пензија во случај на подолго траење на привремена спреченост за работа..... 24
9.10.Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување.....25
9.11.Постапка за користење здравствени услуги во странство без речение на Фондот.....25
10. Финансирање на здравствени услуги.....**26**
10.1.Финансирање на здравствени услуги според лимитирани буџетски средства.....27
10.2. Финансирање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита.....27
10.3. Финансирање на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита 29
10.4.Договори со приватни здравствени установи.....30
11. Снабдување со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита.....**34**
12. Јавни набавки.....**35**
12.1.Набавки за потребите на ЈЗУ.....36
12.2. Набавки за потребите на Фондот со подрачните служби.....36
13. Развој на информатички систем.....**36**
13.1.Усвојување и имплементација на ИКТ стратегија во здравствениот сектор.....37
13.2.Електронска обработка на податоците од рецептните обрасци за издавање на лекови.....37
13.3.Инфрастуктура и хардверски ресурси цо централата и подрачните служби на Фондот..... 37
13.4.Апликативно софтверско решение 37
13.5.WEB страница..... 37
13.6. Соработка со други субјекти од здравствениот и јавниот сектор..... 37
14. Контролна функција.....**38**
14.1.Контрола на пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување.....38
14.2.Контрола на присонеси за здраството кај правни субјекти.....38
14.3.Контрола на приходи од партиципација..... 38
14.4.Контрола на здравствени установи.....39
14.5.Контрола на аптеки..... .40
14.6. Контрола на остварување на права на здравствено осигурување.....40

14.7. Други видови на контроли..... 41
15. Меѓународни договори за социјално осигурување.....42
16. Известување на јавноста.....44
17. Внатрешна ревизија.....45
18. Кадровска структура на Фондот.....46

ВТОР ДЕЛ
1.Анализа за економско-финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.....49
2. Приходи на Фондот.....49
2.1.Стуктура на приходите на Фондот.....50
2.1.1. Приходи од придонеси од плати..... 51
2.1.2. Други неданочни приходи..... 52
2.1.3. Трансферни приходи.....54
2.1.3.1. Структура на трансферните приходи.....54
2.1.3.2. Придонеси од корисници на пензии.....55
2.1.3.3. Придонеси за невработени лица.....56
2.1.3.4. Придонеси на корисници на права од социјална заштита и придонеси за инвалидизирани лица.....57
2.1.3.5. Трансфери на буџетот на РМ.....57
2.1.3.6. Пренесени приходи од претходна година.....57
3. Расходи на Фондот.....59
3.1.Стуктура на расходите.....60
3.2.Расходи за здравствена дејност и осигурување.....62
3.2.1. Здравствени услуги.....62
3.2.1.1. Здравствени услуги на здравствени установи.....62
3.2.1.2. Здравствени услуги лекување во странство.....63
3.2.1.3. Здравствени услуги ортопедски помагала.....63
3.2.2. Расходи за социјални бенефиции.....63
3.2.3. Капитални расходи за ЈЗУ.....63
4. Администрација.....64
5. Дозначени средства до ЈЗУ-буџетски плафони.....65
6. Обврски на Фондот.....68
7. Достасани неподмирени обврски.....71
8. Финансиски резултат.....74
9. Побарувања.....74
10. Договори за одложено плаќање на придонесите.....75
11. Стечајни постапки.....75
12. Надомест на штета.....75
13. Утужени обврзници за неплатен придонес.....76


ТРЕТ ДЕЛ

1. Анализа за економско-финансиското работење на ЈЗУ 2006 година.....78
1.1. Здравствени установи.....78
1.2. Јавни здравствени установи.....78
1.3. Број на ЈЗУ.....78
1.4. Кадровска структура во ЈЗУ.....79
2. Приходи на ЈЗУ.....81
3. Расходи на ЈЗУ.....85
3.1. Структура на расходите во ЈЗУ.....85
4. Приватни и други здравствени установи.....92
5. Потрошени средства за лекови и медицински материјали во ЈЗУ.....93
6. Обврски на ЈЗУ.....96

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

Заклучок..... 103
1. За Фондот.....103
2. За ЈЗУ.....103
3. Фонд и ЈЗУ.....105

ВОВЕД



Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд) е основан согласно Законот за здравствено осигурување (,, Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 и 84/2005, 37/2006) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурувањење на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да презема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Значајни активности на Фондот во 2006 година:

1. Во 2006 година работењето на Фондот се одвиваше во услови на значајни активности опфатени со реформата на здравствениот сектор и тоа:

- за прв пат е извршено финансирање на јавните здравствени установи со утврдени буџетски плафони

- извршена е трансформација на здравствените домови со приватизација и издвојување на избраните лекари од примарната здравствена заштита и со добивање на деловен простор под закуп.

- извршена е продажба на Градски аптеки Скопје,

- извршена е трансформација на бањите и нивна приватизација

- донесени се повеќе подзаконски акти од областа на здравственото осигурување

2. Во 2006 година во Фондот за прв пат е воспоставена рамнотежа помеѓу приходите и расходите, исплатени се сите доспеани, а неподмирени обврски и годината е завршена без доспеан долг.

3. Во 2006 година во Фондот се извршени квалитетни промени со управувањето и раководењето, избран е нов Управен одбор, а раководењето со Фондот е предадено на нов менаџерски тим кој во последниот квартал на годината успешно реализираше нова Програма за работа заснована на современи методи кои се користат во многу напредни земји и која во

центарот на своето внимание ја има ставено грижата за осигурениците. Поголеми резултати од оваа Програма се очекуваат во 2007 година.

4. Реализирана е успешна година во снабдувањето со лекови (од јули врз основа на тендер аптеките работат со договори со Фондот и со утврдени квоти, зголемени се количините на



лекови, зголемен е нивниот асортиман , поплаките на граѓаните се сведени на минимално ниво).

5. Зајакнување на контролата на сите видови на потрошувачка, а посебно на потрошувачката на лекови и воспоставување на финансиска рамнотежа на реалните финансиски и материјални можности.

6. Одложени активности за наредна година:

- Активности за воспоставување на систем за одмерување на учинокот на јавните здравствени установи

- Активности за изготвување на националната здравствена стратегија

- Активности за изготвување на медицинска мапа

7. Проблемите во финансирањето на здравствената дејност се изразени во потешкотиите со наплатата на придонесот за здравствено осигурување, поради лошата финансиска состојба кај одреден број поголеми стопански субјекти. На 31.12. 2006 година ненаплатениот придонес за здравствено осигурување кај Фондот изнесува 2.471.134.080 денари. Исто така на финансирањето на здравствената дејност големо влијание има недоволното финансирање на програмите за здравствена заштита и на капиталните вложувања во јавните здравствени установи од страна на Буџетот на РМ и тоа во еден подолг период, што довело до прелевање на средствата од придонесот за здравствено осигурување за покривање на овие потреби.

8. Во 2006 година е присутно постојано зголемување на обврските на јавните здравствени установи што покрај другото е резултат на воведувањето на нови методи на лекување на одредени дијагнози, на зголемениот број на пациенти и зголемената потрошувачка на лекови и медицински материјали кои се користат за лекување на тие заболувања како што се: инсулинаска терапија, фактори на коагулација VII, VIII и IX, мултиплекс склероза, хепатит Ц, материјали за дијализа и други.

9. Во текот на 2006 година е извршен Ребаланс на Буџетот на Фондот со зголемување од 736.561.0000 денари по основ на наплатени непредвидени приходи од продажбата на ЈЗУ Градски аптеки Скопје, а буџетските плафони на јавните здравствени установи се зголемени за 1.391.561,000 денари за исплатените стари обврски за лекови и медицински материјали со средствата од продажбата на Градски аптеки Скопје, кои не беа опфатени со утврдените плафони и со средствата остварени со заштеди кај Фондот.

10. Во текот на 2006 година се остварувани постојани контакти со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка во врска со имплементацијата на програмите за реформа во здравствениот сектор.

Сите овие фактори имаат непосредно влијание на условите на работењето на Фондот и на здравствениот сектор во целина.

ПРВ ДЕЛ



1. Работа на Фондот

Согласно членот 67 од Законот за здравствено осигурување, Фондот е должен еднаш годишно да доставува извештај за својата работа на Министерството за здравство, Владата и Собранието на Република Македонија.

Функциите на Фондот се утврдени со членот 54 од Законот за здравствено осигурување.
Годишниот извештај за работењето на Фондот за 2006 година е изготвен на основа на информациите од стручните служби на Фондот.

Во извештајот се дадени информации и податоци за активностите на стручната служба на Фондот за спроведување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, како и за појавените проблеми во извршувањето на функцијата на Фондот и за мерките што ги преземал Фондот за нивното решавање.

Во текот на 2006 година Фондот ги изврши следните активности во делот на своето работење.

2. Управување со Фондот

Согласно член 55 од Законот за здравственото осигурување, со Фондот управува Управен одбор како највисок и единствен орган на управување. Во 2006 година година Управниот одбор броеше 7 члена и одржа вкупно 19 седници во два состави. Во првиот состав УО одржа 12 седници за кое време претседател беше претставникот од Министерството за здравство.

Во септември 2006 година формиран е нов состав на Управниот одбор на Фондот, а претседателот и понатаму е претставник од Министерството за здравство.

Во 2006 година Управниот одбор ги донесе актите на Фондот за здравствено осигурување кои му се ставени во надлежност со Законот за здравствено осигурување.

Активноста на Управниот одбор во 2006 година особено беше насочена кон донесување на подзаконски акти од областа на здравственото осигурување, а најголемиот дел од нив се однесуваат на начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување.

Покрај овие, донесени се и подзаконски акти кои ги регулираат односите помеѓу Фондот како купувач на здравствени услуги за своите осигуреници и давателите на здравствените услуги.

Во 2006 година беше спроведена и постапка за избор на директор на Фондот и негов заменик.

Управниот одбор ја усвои Програмата на директорот Георги Тренкоски за идниот развој на Фондот за здравствено осигурување.
Исто така Управниот одбор во 2006 година донесе Деловник за работа и Одлука за определување месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор.

Во текот на 2006 година, Управниот одбор ги разгледа и усвои следните акти што се однесуваат на работењето на Фондот:

- Годишен извештај за работа на ФЗОМ за 2005 година и анализа за економско-финансиското работење на Фондот и јавните здравствени установи*;*

- Извештај за финансиското работење на ФЗОМ по завршната сметка за 2005 година*;*

- Одлука за утврдување на Годишната сметка на ФЗОМ за 2005 година*;*

- Програма за работа на Фондот за здравствено осигурување за 2006 година*;*

- Програма за изменување и дополнувања на Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2006 година*;*

- Одлуки (пет) за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година;

- Информација за подмирување на неподмирените обврски спрема добавувачите за лекови и медицински материјали од средствата од продажба на Градски аптеки - Скопје*;*

- Ребаланс на Буџетот на ФЗОМ за 2006 година*;*

Управниот одбор во рамките на своето редовно работење ги разгледуваше и усвојуваше месечните и периодичните извештаи за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ како и периодичните анализи за реализација на средствата од буџетите на Фондот и ЈЗУ.

3. Спроведување на задолжително здравствено осигурување

Во Република Македонија е воспоставено задолжително здравствено осигурување за сите граѓани врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефикасно користење на средствата.

Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Македонија како самостојна и единствена финансиска институција на која и се дадени права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на теритиријата на Република Македонија.
Од средствата на придонесот за задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедуваат здравствени услуги во случај на болест и повреда и парични надоместоци.

4. Осигурени лица

Во 2006 година бројот на осигурени лица опфатени со задолжителното здравствено осигурување бил 1 938 760 лица, според следната табела:

***Табела 1*: Број на осигурени лица на 31.12.2006 година**

Осигуреници	Број		Индекс	Структура	
	2005	2006	06/05	2005	2006
-Активни работници	417.462	423.284	101,39	21,99	21,83
-Активни земјоделци	18.623	18.038	96,86	0,98	0,93
-Пензионери	297.324	313.396	105,41	15,66	16,16
-Невработени лица	268.213	273.999	102,16	14,13	14,13
-Останати	25.556	25.285	98,94	1,35	1,30
Осигуреници:	**1.027.178**	**1.054.002**	**102,61**	**54,11**	**54,36**
Членови на семејства:	**871.156**	**884.758**	**101,56**	**45,89**	**45,64**
Вкупно осигурени лица:	**1.898.334**	**1.938.760**	**102,13**	**100,00**	**100,00**

Бројот на осигурениците во 2006 година во однос на 2005 година е зголемен за 26 824 лица или за 2,61%, а кај членови на семејства, бројот е зголемен за 13 602 лица или за 1,56%.

Вкупниот број на осигурени лица (осигуреници и членови на семејства) во 2006 година во споредба со 2005 година е зголемен за 40 426 лица или за 2,13%.

Најголемо зголемување на бројот на осигуреници во 2006 година има кај осигурениците пензионери и тоа за 16 072 лица што претставува индекс од 105,41, а нивното учество во структурата на вкупниот број на осигуреници изнесува 16,16%, потоа бројот на осигурени невработени лица е зголемен за 5 786 лица или со индекс 102,16 и учество од 14,13%, бројот на осигураните активните работници е зголемен за 5 822 или со индекс од 101,39 и учество од 21,83% и бројот на осигураните членови на семејства е зголемен со индекс 101,56 и истите учествуваат со 45,64% во структурата на вкупниот број на осигурани лица.

Намалување на бројот на осигурани лица во 2006 година се бележи кај активните земјоделци за 3,14%, кои во структурата на вкупниот број на осигуреници учествуваат со 0,93% и кај останатите осигуреници има намалување за 1,06%, а нивното учество во структурата изнесува 1,30%.

Табела 2: Број на осигурени лица по подрачни служби на Фондот на 31.12.2006

Ред.бр	**Подрачна служба**	**Број на осигуреници**			**Членови на семејства**			**ВКУПНО**
		жени	**мажи**	**вкупно**	**жени**	**мажи**	**вкупно**	
1	2	3	4	5 (3+4)	6	7	8 (6+7)	9 (5+8)
1	Берово	4571	6401	**10972**	5326	3206	**8532**	**19504**
2	Битола	27427	37512	**64939**	26726	16756	**43482**	**108421**
3	М.Брод	1474	3499	**4973**	3538	1508	**5046**	**10019**
4	Валандово	2420	3629	**6049**	3179	1999	**5178**	**11227**
5	Виница	4046	5483	**9529**	5005	3217	**8222**	**17751**
6	Гевгелија	9532	11140	**20672**	7860	5582	**13442**	**34114**
7	Гостивар	11248	28053	**39301**	33191	15168	**48359**	**87660**
8	Дебар	3353	7701	**11054**	10058	5933	**15991**	**27045**
9	Делчево	5694	7180	**12874**	5915	4204	**10119**	**22993**
10	Д.Хисар	2084	3597	**5681**	2753	1466	**4219**	**9900**
11	Кавадарци	8563	15252	**23815**	12764	6282	**19046**	**42861**
12	Кичево	8403	15438	**23841**	15650	8228	**23878**	**47719**
13	Кочани	9826	15851	**25677**	14315	7372	**21687**	**47364**
14	Кратово	2155	3198	**5353**	2475	1401	**3876**	**9229**
15	К.Паланка	5424	7631	**13055**	6250	3821	**10071**	**23126**
16	Крушево	1975	3548	**5523**	3608	2111	**5719**	**11242**
17	Куманово	24999	42470	**67469**	41905	23071	**64976**	**132445**
18	Неготино	4388	7493	**11881**	6425	3523	**9948**	**21829**
19	Охрид	15018	20913	**35931**	15701	8723	**24424**	**60355**
20	Прилеп	20931	34366	**55297**	30108	18430	**48538**	**103835**
21	Пробиштип	3194	5539	**8733**	4795	2425	**7220**	**15953**
22	Радовиш	5214	9995	**15209**	10282	5741	**16023**	**31232**
23	Ресен	4223	6064	**10287**	4214	3440	**7654**	**17941**
24	С.Николе	4586	7086	**11672**	5261	3177	**8438**	**20110**
25	Скопје	133485	204067	**337552**	150944	94927	**245871**	**583423**
26	Струга	8409	15862	**24271**	18941	9814	**28755**	**53026**
27	Струмица	16645	31536	**48181**	28430	13342	**41772**	**89953**
28	Тетово	24445	48487	**72932**	54821	29796	**84617**	**157549**
29	Велес	14861	21151	**36012**	18078	10707	**28785**	**64797**
30	Штип	17339	17928	**35267**	11017	9853	**20870**	**56137**
	ВКУПНО	**405932**	**648070**	**1054002**	**559535**	**325223**	**884758**	**1938760**

4.1. Право на здравствени услуги

Со задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедуваат здравствени услуги, во случај на болест и повреда надвор од работа и повреда на работа и професионално заболување. Тоа се здравствени услуги од основниот пакет.

Исто така, од средствата од задолжително здравствено осигурување се покриваат превентивните мерки и активности кои се важен дел од основниот пакет на здравствени услуги. Тие опфаќаат: заштита од штетни влијанија врз здравјето на населението, откривање, сузбивање и спречување на заразни болести, систематски прегледи на децата, учениците и студентите, заштита на жената во врска со бременоста, породувањето, леунството и планирање на семејството, заштита на доенчиња и мали деца, заштита од болести на зависности и други превентивни мерки и активности.

Во основниот пакет не влегуваат здравствените услуги кои не претставуваат основна здравствена заштита за здравјето на осигуреното лице, туку претставуваат посебни барања и желби на осигурените лица и здравствени услуги кои се вршат по барање на одредени работодавци.

4.2. Права на парични надоместоци

Во рамките на задолжителното здравствено осигурување на осигурениците им се обезбедува право на парични надоместоци и тоа:

- надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда
- надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство
- надоместок на патни трошоци при користење на здравствени услуги

4.2.1. Надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда

Во текот на 2006 година осигурениците на Фондот остварiле право на надоместок на плата за време на боледување и тоа:

- за надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест над 60 дена односно над 21 ден имало 14.368 случај, (во 2005 година 11.037 случаеви)
- за повреда на работа и за професионално заболување 877 случаи(во 2005 година 1.045 случаеви)
- за давање на ткиво или орган има 14 случаи, (во 2005 година немало случај)

Зголемувањето на бројот на случаи за надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест над 60 дена односно над 21 ден, во 2006 година е поради измена на регулативата.

4.2.2. Надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство

Правото на надоместок на плата за време на спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство им припаѓа на осигурениците кои се во работен однос и лицата кои вршат самостојна дејност и истото се исплатува во висина од 100% од износот на пресметаниот надоместок на плата.

Во 2006 година, за надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство имало 8.181, додека во 2005 година имало 6910 осигуреници кои го користеле ова право, или намалување за 15,54%.
Намалување на исплатата по овој основ е поради измена на одредбите на Законот за здравственото осигурување каде што за остварување на ова право осигуреникот треба да го исполнува условот од 6 месеци непрекинато здравствено осигурување по основ на работен однос.

4.2.3. Надоместок на патни трошоци

Осигурениците и членовите на нивните семејства можат да остварат надоместок на патни и дневни трошоци (само за стручен придружник) ако се упатени да користат здравствени услуги во здравствени установи надвор од Републиката и право на патни трошоци ако се упатени да користат здравствени услуги во врска со дијализа и вежби за рехабилитација на видот, слухот и говорот надвор од местото на живеење.

Во 2006 година ова право го искористиле 6.379 осигуреници а во 2005 година ова право го искористеле 2.280 осигуреници, или зголемување од 179,78% .
Бројот на осигурениците кои го користат ова право од здравствено осигурување во последните години е во постојан пораст, особено е зголемен бројот на заболените кои користат дијализа.

5. Рефундација на средства за лекови и медицински материјал

При користење на здравствените услуги осигурените лица имаат право на лекови според Листата на лекови врз основа на рецепт во примарната здравствена заштита.

Доколку осигуреното лице не може да го најде лекот во аптеките, истиот може да го набави со сопствени средства во други аптеки, а до Фондот поднесува барање за рефундација на средствата.

Во 2006 година од осигурените лица се поднесени вкупно 133.666 барања до Фондот за рефундација на средства за лекови, а во 2005 година биле поднесени 95.462 барања. Во 2006 година е зголемен бројот на барањата за рефундација на средства за 38.204 барања или 40%.

Во 2006 година исто така се поднесени вкупно 9.441 барања за рефундација на средства за медицински потрошен материјал, кој осигурените лица го набавиле со сопствени средства, додека

во 2005 година беа поднесени 7.076 барања што преставува зголемување во однос на 2005 година, за 2.365 барања или 33,42%. Ова е резултат на недоволната снабденост на ЈЗУ со медицински материјали, па пациентите морале сами да ги набавуваат.

Во 2006 година се поднесени 515 барања од осигурените лица кои со сопствени средства набавиле лек од странско производство, како единствен и неопходен лек за тоа заболување, а во 2005 година биле поднесени 582 барања, намалувањето е резултат на подобрената снабденост со лекови.

6. Ослободување од плаќање партиципација

Осигурените лица имаат обврска да плаќаат партиципација при користењето на здравствените услуги и лекови.
Ослободувањето од пратиципација се врши по исполнувањето на утврдениот максимален износ врз основа на решение на Фондот
Во 2006 година се донесени 9.063 решенија за ослободување од партиципација, а во 2005 година биле донесени 9.255 решенија, односно помалку за 192 решенија.
Во 2006 година се донесени 3.260 решенија за повраќај на повеќе платена партиципација, а во 2005 година 4.189 решенија, односно 929 решенија помалку.

7. Право на користење на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства

Осигуреното лице остварува право на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства, која потреба ја одредува лекар специјалист од соодветната специјалност.

Во 2006 година во Фондот се поднесени 67.453 барања за остварување на ова право, а во 2005 година биле поднесени 92.547 барања.

Табела3: Број на издадени ортопедски помагала во 2006

Вид на ортопедско помагало	2005	2006	Структура 2005	Структура 2006	Индекс 06/05
Протези и ортози	15.904	9.009	17,18	13,36	56,65
Инвалидски колички	1.696	1.173	1,83	1,74	69,16
Ортопедски чевли	10.362	8.068	11,2	11,96	77,86
Останати помагала	37.311	32.598	40,32	48,33	87,37
Очни помагала	13.164	11.144	14,22	16,52	84,66
Слушни помагала	1.724	1.224	1,86	1,81	71,00
Помагала за гласен говор	15	19	0,02	0,03	126,67
Забнотехнички средства	12.371	4.218	13,37	6,25	34,10
Вкупно	**92.547**	**67.453**	**100**	**100,00**	**72,89**

Во 2006 година е намален бројот на издадени ортопедски и други помагала за 25.094 или за 27,11% во однос на 2005 година. Намалувањето се бележи кај сите видови ортопедски помагала освен кај помагалата за гласен говор.

8. Право на лекување во странство

8.1. Лекување во странство со решение на Фондот

Осигуреното лице може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Републиката, а во земјата во која осигуреникот се упатува постои можност за успешно лекување на тоа заболување.
Во 2006 година се поднесени 305 барања за остварување право на болничко лекување во странство од кои за:

- 263 барања, лекувањата се извршени
- 34 барања, лекувањата не се реализирани и се оставени за реализирање во 2007 година, бидејќи осигурениците не ги извршиле
- 8 барања на осигурениците се одбиени поради тоа што не биле исцрпени можностите за лекување во постојните здравствени установи во Републиката.

Табела 4: Видови на заболувања кои се лекувани во странство

Онколошки	5
Кардиохируршки детски	68
Кардиохируршки возрасни	16
Очни	52
Неурохируршки	20
Гинеколошки	6
Ортопедски	6
Уролошки	18
Ушни	36
Дигестивна (емболизации)	2
Пулмолошки	5
Торакални	2
Хематолошки	7
Пластика	2
Детски	12
Реуматологија	1
Дигестивна и торакална	1
Радиологија – емболизација на црн дроб	1
Гастроентерохепатологија	2
Неврологија	1

Во 2005 година се поднесени 290 барања за остварување за лекување во странство, од кои 250 барања биле извршени, 39 барања бије префрлени за наредна година, 1 барање било одбиено.

Потрошените средства за извршени лекувања во странство во 2006 година изнесуваат 157.496.476 денари (околу 2.575.000 ЕУР), додека во 2005 година износот бил помал за 31.434.905 денари (околу 513.642 ЕУР). Лекување во странство е извршено во 16 земји.

Табела5: Земји во кои е извршено лекување

	Земја	Број	ЕУ	Денари
1	Бугарија	95	532.940	32.605.000
2	Грција	15	198.234	12.130.000
3	Србија	41	183.715	11.240.000
4	Хрватска	26	198.272	12.130.000
5	Словенија	13	105.683	6.470.000
6	Англија	11	472.888	28.930.000
7	Русија	23	50.510	3.090.000
8	Белгија	6	10.230	620.000
9	Холандија	1	669	40.000
10	Турција	2	5.316	320.000
11	Швајцарија	2	31.585	1.930.000
12	Австрија	5	70.617	4.321.000
13	Италија	3	10.631	650.000
14	Шведска	3	45.126	2.760.000
15	Германија	12	636.779	38.950.000
16	Франција	5	21.493	1.310.000
	Вкупно	**263**	**2.574.687**	**157.496.000**

9. Постапка за остварување на право од здравственото осигурување

9.1. Утврдување својство на осигуреник

Право од задолжително здравствено осигурување може да оствари лице на кое му е утврдено својство на осигуреник, односно осигурено лице, што се утврдува врз основа на пријава за здравствено осигурување која ја поднесува обврзникот за уплата на придонесот.
Во 2006 година донесени се вкупно 4.275 решенија за утврдување на својство на осигуреник, а во 2005 година 7.899 решенија.

9.2. Управна постапка за остварување на правата и обврските на осигурените лица

Постапката за остварување на правата и обврските од здравственото осигурување се пропишани со Законот за општата управна постапка. Постапката се поведува по барање на осигуреникот.

Фондот е должен за поднесеното барање да донесе решение, а против решението, подносителот има право на жалба до министерот за здравство, како второстепен орган.

За остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување во текот на 2006 година се донесени вкупно 115.651 решенија, од кои: 92.761 решенија за права од здравствено осигурување и 22.890 решенија за облог со придонес во приватен сектор, додека во

2005 година беа донесени вкупно 135.383 решенија од кои 103.203 решенија за право од здравствено осигурување и 32.180 решенија за облог со придонес во приватен сектор.

9.3. Жалбена постапка за права од здравствено осигурување

Во 2006 година примени се вкупно 2.035 предмети, од кои 1.379 во второстепена постапка по жалба за остварување на права од здравственото осигурување, 335 предмети по кои е покренат управен спор и 317 предмети по пресуди на Врховниот суд на Република Македонија.

Од вкупно пристигнатите предмети по поднесени жалби донесени се решенија за 1.323 предмети, дадени се 335 одговори по тужби до Врховниот суд на Република Македонија, донесени се 168 решенија по пресуди од Врховниот суд на Република Македонија и за работа во 2007 година се пренесени 209 предмети.

Основ на поднесените жалби:

- 255 предмети се однесуваат на надоместок на трошоци за набавени лекови. Од нив 184 се одбиени како неосновани, а 38 предмети се поништени или се изменети и дополнети првостепените решенија и е признато право на осигурениците, додека во 33 случаи предметите се вратени на првостепениот орган на повторно разгледување и одлучување, поради одредени пропусти во првостепената постапка;

- 191 предмет се однесуваат на надоместок на плата поради болест или бременост, раѓање и мајчинство. Од нив 145 се одбиени како неосновани, 30 се вратени на повторно разгледување и одлучување, а кај 16 предмети се поништени првостепените решенија и е признато правото;

- 28 предмети се однесуваат на личното учество на осигурениците во трошоците на здравствените услуги. Од нив 7 жалби се одбиени како неосновани, а 21 предмети се вратени на повторно разгледување и одлучување;

- 139 предмети се однесуваат на лекување во странство без решение на Фондот за здравствено осигурување (член 20 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство). Од нив 102 предмети се одбиени како неосновани, 26 предмети се поништени или изменети првостепените решенија и признато е правото на разлика во цена според Ценовникот за здравствени услуги, а 11 се вратени на повторно разгледување и одлучување;

- 12 предмети се однесуваат на специјализирана медицинска рехабилитација. Од нив 7 се одбиени како неосновани, по 3 предмети е поништено првостепеното решение и е признато право, а 2 се вратени на повторно разгледување и одлучување;

- 22 предмети се однесуваат на ортопедски помагала. Од нив 20 се одбиени како неосновани, 1 е вратен на повторно разгледување и одлучување, а кај 1 предмет е поништено првостепеното решение и е признато правото;

- 72 предмети се однесуваат на вградени материјали и санитетски и други материјали потребни за лекување. Од нив 36 се одбиени како неосновани, 11 се вратени на повторно

разгледување и одлучување, а кај 25 се поништени или изменети првостепените решенија и признато е правото;

- 590 предмети се однесуваат за извршени здравствени услуги на осигурениците во установи, од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, со кои Фондот нема склучено договор за работа (КТМ, МР, породување, вештачко оплодување и др., како и коронографија и стентирање во ПЗУ "Филип Втори". Од овие предмети 569 жалби се одбиени како неосновани, 7 се вратени на повторно разгледување и одлучување на првостепените органи и за 14 предмети уважени се жалбите, поништени се првостепените решенија и признато е правото;

- 14 предмети се однесуваат на други здравствени услуги (патни трошоци, придружување на болно дете и друго). Од нив 7 се одбиени како неосновани, 6 се вратени на повторно;

- разгледување и одлучување и за 1 предмет е уважена жалбата, поништено е првостепеното решение и признато е правото;

- Поднесени жалби на првостепени решенија за лекување во странство во 2006 година се вкупно 6 жалби од кои 4 се решени а 2 се во постапка на решавање.
  Во споредба со 2005 година во жаблена постапка за правата од здравствено осигурување беа примени вкупно 2.200 предмети од кои 1.514 предмети во второстепена постапка по жабла за права од здравствено осигурување.

9.4. Управни спорови за права од здравствено осигурување

Во текот на 2006 година осигурениците незадоволни од донесените решенија поднеле тужби пред Врховниот суд на РМ 335 за кои дадени се одговори на тужби за 327 предмети. По основи тужбите се однесуваат на: 42 предмети за лекови, 54 предмети за надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, 23 предмети по член 20 од Правилникот за лекување во странство, 2 предмета за вградени потрошен медицински материјали, 4 за ортопедски помагала, 3 за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, 197 предмети за извршени здравствени услуги во ПЗУ со кои Фондот нема склучено договор, 1 за камата и 1 за превоз на посмртни останки.

Во 2005 година по управни спорови примени биле 104 пресуди на Врховниот суд на Република Македонија и 467 решенија по покренат управен спор.

а) Во текот на 2006 година одлучено е по 168 пресуди и тоа:

- По 60 предмети донесени се решенија по следните основи;

- За лекови 21 решение: неосновани 11, на повторно решавање 2 и признато право за 8 предмети;

- За надоместок на плата донесени се 15 решенија и предметите по нив се вратени на првостепените органи на повторно разгледување и одлучување;

- По член 20 од Правилникот за лекување во странство без решение на Фондот за здравствено осигурување донесени се 9 решенија, од кои 4 се неосновани, на повторно одлучување вратени 3 предмети, а 2 предмета е признато правото;

- За здравствени услуги извршени во ПЗУ со кои Фондот нема договор донесени се 7 решенија, од кои со 5 е признато правото, а 2 предмета се вратени на повторно разгледување и одлучување;

- За вградени материјали донесени се 3 решенија. Од нив со 1 решение предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување, а со 2 решенија е признато правото;

- За ортопедски помагала донесени се 2 пресуди, по кои се донесени 2 неосновани решенија;
- За лекување во странство донесени се 4 пресуди од кои 3 се позитивно решени, а 1 е во постапка;

- За други здравствени услуги (патни и посмртни трошоци) примени се 3 пресуди, по кои се донесени 3 решенија и тоа по 1 предмет барањето е одбиено како неосновано, 1 предмет е вратен на повторно разгледување и одлучување, а по 1 предмет е признато правото;

б) Добиени се 62 пресуди од Врховниот суд на РМ, со кои тужбените барања на осигурениците се одбиени во целост како неосновани и тоа по следните основи:
- за лекови 9, надоместок на плата 33 член 20 од претходно споменатиот правилник 17, ортопедски помагала 3

в) По 30 пресуди тужбеното барање на осигурениците е уважено во целост и тоа:
- За лекови 16 пресуди, за надоместок на плата 2 пресуди, член 20 од Правилникот 1 пресуда, за здравствени услуги во ПЗУ 1 пресуда, за вградени материјали 7, за ортопедски помагала 1 пресуда, за патни трошоци 1 пресуда и за погребни трошоци 1 пресуда, и

г) По пресуди тужбените барања на осигурениците се отфрлени како неблаговремени или постапката е запрена
- Исто така поднесени се 4 барања за обнова на постапка по основ надоместок на плата и по нив се донесени позитивни решенија

- Поднесени се 2 барања за вонредно преиспитување на пресуда до Врховниот суд на РМ за лекови и за извршени здравствени услуги во ПЗО “Мала Богородица“

- Поднесена 1 тожба за повторување на постапката за извршени здравствени услуги во ПЗО

Во извештајниот период се давани одговори до Народниот правобранител, како и писмени и усмени одговори на поставени прашања за остварување на права од здравственото осигурување од страна на осигурениците и до подрачните служби на Фондот во Република Македонија. Изготвена е информација за работата по однос на правата од здравствено осигурување, и застапување на Фондот пред Основните судови во Републиката и друго.

9.5. Управна постапка за облог со придонес во приватен сектор

Во текот на 2006 година во Фондот се донесени 22.890 решенија за задолжување со придонес за здравствено осигурување во приватниот сектор (во 2005 година 32.180 решенија) и тоа: за земјоделци, за самостојни вршители на дејност и работници вработени кај самостојните вршители на дејност.

9.6. Жалбена постапка за придонес

Во 2006 година примени се вкупно 28 жалби (во 2005 година 75 жалби) по предмети за придонес од кои за 26 се донесени второстепени решенија (19 за задолжување со придонес и 7 за утврдување на својство на осигуреник или промена на основот на осигурување), 2 се спорни и за нивното решавање била потребна соработка со Министерството за здравство, па поради тоа се презаведени како жалби во 2007 година.

Исто така се донесени и 4 второстепени решенија за утврдување на придонес на осигуреници вработени во Турската амбасада, кои биле заведени како жалби во 2005 година и кои биле испратени во Министерството за здравство, а подоцна препратени во Фондот на решавање.

9.7. Управни спорови за облог со придонес за здравствено осигурување

Во текот на 2006 година изготвени се 5 одговори на тужби по поведени управни спорови пред Врховниот суд на Република Македонија, примени се 31 пресуди по завршени управни спорови кај 29 од нив тужбеното барање се одбива како неосновано, а кај 2 од пресудите решенијата се поништени и предметите се вратени на повторно разгледување и одлучување, при што по истите е постапено.
Исто така примени се и 2 преставки од Јавниот правобранител на РМ и по нив е постапено и е испратен одговор.

9.8. Поднесени барања за погрешно или повеќе уплатен придонес за здравствено осигурување

Во 2006 година поднесени се вкупно 93 барања за враќање на погрешно или повеќе уплатен придонес за здравствено осигурување, од кои за 80 се донесени решенија, 3 се спорни, за 10 во тек е постапка за комплетирање на доказ .
Вкупниот износ на вратени средства на име погрешно или повеќе уплатен придонес за здравствено осигурување за 2006 година изнесува 9.607.949,50 денари.

9.9. Упатување на инвалидска комисија во случај на подолго траење на привремена спреченост за работа

Во случај на подолго траење на привремена спреченост за работа, првостепената лекарска комисија на Фондот го упатува осигуреникот до инвалидската комисија при Фондот за пензиското и инвалидското осигурување за оценување на работната способност. Осигуреникот кај кој настанала инвалидноста, има право на надоместок на плата до 60 дена од денот на упатување на инвалидската комисија.

Во текот на 2006 година лекарските комисии на Фондот, упатиле 934 осигуреници за оценување на нивната работна способност кај комисиите на ИПК, од кои право на инвалидска пензија остварile 79 осигуреника.

Во текот на 2005 година биле упатени 1.111 осигуреници за оценување на работна способност кај комисиите на ИПК, од кои право на инвалидска пензија остварile 127 осигуреника.

Процентот на остварените права на инвалидска пензија од бројот на упатените осигуреници е доста низок и се движи околу 10% ,иако во поголем број случаи кај упатените осигуреници е очигледна потребата од остварувањето на правото на инвалидска пензија.

9.10. Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување

Осигуреното лице може да оствари право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение на Фондот и тоа во амбулантски или болнички установи кои вршат рехабилитација.

Во 2006 година, право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение на Фондот остварile 6.500 осигурени лица, а во 2005 година остварile право 5.426 осигурени лица.

9.11. Постапка за користење на здравствени услуги во странство без решение на Фондот

На осигурените лица кои биле лекувани во странска болничка здравствена установа без одобрение на Фондот му се признава дел од трошоците до висината на утврдената цена за соодветната здравствена услуга од цените на здравствените услуги во земјата, а разликата на цената на здравствените услуги и патните трошоци ги поднесува осигуреното лице.

Во 2006 година во редовна постапка се донесени вкупно 389 решенија во прв степен за користење на здравствени услуги во странство без решение на Фондот, во 2005 година се донесени 658 решенија.

Во текот на 2006 година, во жалбена постапка за остварување на ова право, решавани се вкупно 49 предмети, а во 2005 година 84 предмети.

Во 2006 година намален е бројот на осигурени лица кои користеле здравствени услуги во странство без решение на Фондот како резултат на измените на Законот за здравственото осигурување.

10. Финансирање на здравствените услуги

Здравствениот систем и остварувањето на здравствената заштита во Република Македонија во најголем дел со над 85% се финансира од Фондот за здравствено осигурување. Останатиот дел се финансира од буџетот на државата, разни донации и директни плаќања од пациентите за извршени здравствени услуги.

Согласно Законот за здравствено осигурување, за здравствените услуги од задолжителниот пакет, Фондот врши финансирање на здравствени установи од јавен и приватен сектор со кои има склучено договори.
Во 2006 година се воведени нови начини на финансирање на различните нивоа на здравствена заштита.

Предходно, финансирањето на јавните здравствени установи се вршеше врз основа на дозначување на средствата за вршење на функцијата на здравствените установи од јавниот сектор за остварување на примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита за бруто плати, материјални трошоци за покривање на трошоци за лекови и медицински потрошни материјали и други материјални и нематеријални трошоци.

Јавните здравствени установи за сметка на тоа, на осигурените лица им пружаат здравствени услуги во согласност со задолжителниот пакет на здравствени услуги.

За извршените услуги се врши фактурирање по утврдени цени според Ценовникот за здравствени услуги од 1992 година; вредноста на бодот не е променета од 1995 година; материјалниот трошок (освен мали материјали) не е утврден, нема норматив и стандард и единствена цена. На ЈЗУ не им се плаќа по фактурирани услуги, фактурите се користат за евиденција, отчетност и контрола.

За воведување на нови начини на финансирање се создадени услови со процесот на структурните реформи, со подршка на Светска банка. Направени се соодветните измени на Законот за здравствена заштита, измени на Законот за здравствено осигурување, Законот за буџети на РМ, Правилникот за изготвување и утврдување на буџетот на Фондот и други акти поврзани со буџетирањето и трансформацијата во здравствениот сектор во РМ.

Финансирањето на здравтвените услуги е регулирано со следните правилници:

- Правилник за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарната здравствена заштита, со кој е утврдено плаќањето на здравствените услуги да се врши по методот на капитација

- Правилник за критериуми за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствени услуги на здравствени установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита. Правилник за начинот на плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита

- Правилник за критериуми за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствени услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарна здравствена заштита



- Правилник за начинот на плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар

Во текот на 2006 година финансирањето на здравствените услуги од задолжителниот пакет на услуги се врши на неколку начини:
- според лимитирани буџетски средства во јавните здравствени установи
- по методот на капитација во примарна здравствената здравствена заштита
- по вредност на услугата во примарна аптекарска дејност и
- по комбиниран метод (лимитирани буџетски средства во фиксен дел и променлив дел за извршување на вид и обем на извршени здравствени услуги во консултативно-специјалистичка и болничка здравствена заштита).

10.1.Финансирање на здравствени услуги според лимитирани буџетски средства

Во јавните здравствени установи финансирањето се врши според утврдените буџетски лимити врз основа на дефинирани начини на постапување, соодветно на утврдените буџетски процедури за соодветната здравствена установа во која се вршат здравствени услуги од областа на превентивната, примарната, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност.

Од друга страна отчетноста продолжува да се врши според фактурирање на извршени здравствени услуги посебно по осигурено лице според Ценовникот за здравствени услуги на РМ од 1992 година.
Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година е донесен во износ од 15.877.929.000 денари, а буџетските плафони на јавните здравствени установи се утврдени во износ од 10.095.050.000 денари. Во текот на 2006 година донесен е Ребалансот на буџетот во износ од 16.614.490.000 денари, а ребалансот на буџетските плафони е утврден на износ од 11.532.606.000 денари.

Буџетот на Фондот претставува годишен план за финансирање на функциите и обврските на Фондот, а се состои од годишна проценка на приходите по извори и одобрените средства по намени.

Буџетите на ЈЗУ претставуваат годишен план за финансирање на активностите на ЈЗУ, а ги вклучуваат планираните приходи од Фондот, од Министерството за здравство и приходите од сопствени извори, како и одобрените средства со буџетот по намени.
Остварувањето на буџетот се усогласува на годишно ниво што претставува законска обврска.
Во пракса Фондот врши месечни анализи на движењето на приходите и расходите и го следи извршувањето на буџетот и аналогно на месечните и кварталните движења на приходите и расходите презема мерки за остварување на годишниот буџет.

Буџетските плафони на ЈЗУ се утврдени со Одлука на Управниот одбор на Фондот исто така на годишно ниво.
Буџетските плафони се извршувани во висина на една дванаестина, која не претставува симетричен износ и е зависна од сезонското влијание на приходите на Фондот и расходите кај јавните здравствени установи, па оттаму се појавуваат различни месечни износи, а нивното сведување на годишните буџетски плафони се извршува на крајот. Буџетските плафони на јавните здравствени установи за 2006 година се остварени со индекс 97,73 или не постои пробивање на буџетските плафони.

Причините за цикличното движење на расходите кај ЈЗУ е резултат на влијанието на доспеаните ненамирени обврски на ЈЗУ, тужбите и блокадите од нивните добавувачи, проблемите со снабдување со лекови, посебно на хроничните болни и ризичните групи на пациентите, сезонскиот карактер на комуналните услуги и др.

Јавните здравствени установи се должни да изготвуваат редовни месечни извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот и да ги доставуваат до Фондот и Министерството за здравство.
Во текот на 2006 година Фондот има склучено договори согласно буџетскиот начин на финансирање со дел од ЈЗУ, за укажување на здравствени услуги на осигурените лица од задолжителниот пакет.

10.2. Финансирање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита

Во 2006 година, по извршената трансформација на јавните здравствените домови и приватизацијата на избраните лекари во примарната здравствена заштита (општа медицина, медицина на трудот, педијатријата, училишна медицина и гинекологија), за укажување на здравствствените услуги се применува плаќање на здравствени услуги по методот на капитација.

Во приватниот сектор од примарната здравствена заштита методот на капитација се применува од јули 2006 година при склучување на договори со приватни здравствени установи од општа медицина, педијатрија, гинекологија и училишна медицина.

Пресметката на капитацијата се врши врз основа на бројот на осигурените лица кои го избрале лекарот за свој матичен лекар, утврдениот број на поени по категорија на осигурени лица и утврдената вредност за еден поен. За лекарските ординации во селски населби со многу тежок пристап, односно селски населби со тежок пристап, како и за ординации во рурални и оддалечени области се утврдени дополнителни стимули. Фактурирањето на обезбедените здравствени услуги се врши еднаш месечно, во висина од 70% од пресметаниот износ на капитацијаа останатиот износ од 30% од пресметаните месечни износи на капитација се фактурира по истекот на секој квартал, според резултатите од кварталните извештаи за извршените активности за постигнување на определените цели што се утврдени во договорот.
Со овој метод на плаќање се постигнати позитивни резултати, односно, се води поголема грижа за пациентите, се стимулира ефикасноста во работата и се води поголема контрола на трошоците во здравствените установи.
Методот на плаќање на здравствени услуги по основ на капитација се однесува само на еден дел од примарната здравствена заштит, а тоа е системот на избран лекар од областа на медицината.

Начинот на пресметување и плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита кај избраниот стоматолог е регулирано со посебен правилник, според кој финансирањето исто така, е по методот на капитација и тоа според бројот на осигурените лица кои избрале матичен лекар во ЗУ. Плаќањето се врши по однапред утврден вкупен месечен износ за обезбедени здравствени услуги кој се исплатува на здравствената установа за избраниот лекар за сите осигурени лица кои направиле избор, и тоа 80% како фиксен дел и 20% како променлив дел од вкупно утврдениот износ за капитација за исполнување на определени цели, по истекот на тромесечието, по извршени контроли.

Финансирањето на дел на превентивните здравствени услуги, патронажната посета, домашното лекување, итната помош и превозот со санитетско возило треба да се доуреди со посебни правилници.

Во 2006 година финансирањето на оваа дејност е во рамките на буџетското финансирање во јавните здравствени установи.
Тие се финансираат според утврдените буџетски лимити за соодветната дејност во рамките на вкупните лимитирани буџетски средства на здравствената установа во која се извршуваат овој вид на услуги.
Во наредниот период буџетските средства што ги остваруваат овие дејности во тековната година ќе се усогласуваат со планските и програмските активности и услуги што треба да ги остваруваат здравствените установи.

Пресметувањето и плаќањето на услугите во аптекарската дејност се врши со маржа од 13% од вредноста на издадениот лек, а во 2006 година е усвоен нов правилник според кој плаќањето на аптекарската дејнос ќе се врши врз основа на издаден лек на рецепт. Вредноста на надоместокот за извршената здравствена услуга ќе изнесува 20 денари по издаден лек на рецепт .
Фондот врши плаќање на аптеките за реализираните лекови од Листата на лекови, според утврдените тендерски цени и по доставена фактура, а плаќањето на добавувачите го врши аптеката.
Заради укажување на здравствени услуги издавање лекови на рецепт, Фондот во 2006 година, по спроведен тендер, склучи договори со аптеките во РМ.

По извршената трансформација на стоматолошката и фармацевтската дејност во 2005 година се премина на плаќање на приватизираните и приватните стоматолошки ординации и аптеки, по договор, што продолжи да се применува како начин на финансирање и во 2006 година, според соодветни правилници.
Во текот на 2006 година Фондот склучи договори со сите ЗУ од примарна здравствена заштита кои се трансформираа од јавни во приватни и сите приватни здравствени установи кои искажаа интерес и ги исполнуваа условите согласно законските прописи.

Плаќање на здравствени услуги по методот на капитација на здравствени установи од примарна здравствена заштита се очекува да се заокружи по целосно завршената трансформација во оваа дејност во 2007 година.

10.3. Финансирање на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита

За плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во примена е Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствени услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита. Основ на плаќање е склучен договор помеѓу Фондот и соодветната здравствена установа.

Правилникот предвидува воведување на дијагностички сродни групи, систем кој ќе биде користен за дефинирање на здрвствени услуги и за утврдување на референтен ценовен систем. Финансирањето според Правилникот е базиран на реален ценовник со утврден износ на средства

за спроведување на договорените здравствени услуги и износот на средства за договорените цели (продуктивност, ефикасност, квалитет, достапност и финансиско управување) што треба да се постигнат низ резултатите од извршената работа.

Намалувањето, односно зголемувањето на обемот на договорените здравствени услуги или договорените цели предизвикува и соодветно намалување, односно зголемување на надоместокот за здравствената установа. Оценувањето на извршениот обем на здравствени услуги и исполнувањето на целите за секоја здравствена установа треба да се врши по истекот на секое тромесечие, кумулативно за изминатиот квартал, по доставување на квартални извештаи.

Плаќањето на надоместокот на сметка на здравствената установа треба да се врши еднаш месечно во висина на договорениот месечен надоместок по доставување на фактури до Фондот.
Овој метод на плаќање на надоместокот на здравствени установи ќе започне да се применува по утврдување на дијагностички сродни групи, но најдоцна до 2009 година.
Доколку за некои дејности од болничка здравствена заштита бидат утврдени дијагностички сродни групи и пред 2009 година, Фондот ќе склучи договор со здравствените установи за плаќање на надоместокот според овој метод, за дејностите за кои се утврдени дијагностички сродни групи.
Во текот на 2006 година според овој правилник, се склучува договори со специјални болници вкупно 20 договори (јавни и приватизирани); со општи болници 10 (јавни здравствени установи); со една клиника и со приватни здравствени установи кои остваруваат специјалистичко-консултативна здравствена заштита вкупно 65 договори.

10.4. Договори со приватни здравствени установи

Во 2006 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија за примарна и специјалистичко-консултативна здравствена заштита има склучено вкупно 1532 договори, од кои 1467 за примарна здравствена заштита и 65 за специјалистичко-консултативна здравствена заштита.

Со приватни здравствени установи кои пружаат примарна здравствена заштита според следните дејности се склучени договори и тоа од областа општа медицина вкупно 558 договори, гинекологија 63 договори, педијатрија 47 договори, медицина на труд 10 договори, училишна медицина 6 договори, стоматологија 783 договори и специјалистичко-консултативна здравствена заштита 65 договори.

Склучувањето на договори со приватни здравствени установи од примарна здравствена заштита и специјалистичко-консултативна се врши во почетокот на годината.

Табела 6 : Број на случени договори со приватни здравствени установи за примарна здравствена заштита во 2006 година

Ред бр.	Подрачна служба	Општа медицина	Гинекологија	Педијатрија	Училишна	Медицина на трудот	Стоматологија	Вкупно
1	Штип	24	4	5	3	2	18	56
2	Берово	2					7	9
3	Битола	53	2	6			72	133
4	М Брод						5	5
5	Дебар	4	1	1			2	8
6	Делчево	4					10	14
7	Гевгелија	3	1				9	13
8	Гостивар	18	3	1		1	35	58
9	Кавадарци	18	1	2	1	2	24	48
10	Кичево	8				1	17	26
11	Кочани	22	4	4			22	52
12	Кратово	3	1		1		3	8
13	Кр Паланка	9	2	3		1	7	22
14	Куманово	71	10	6	1		53	141
15	Неготино	9		1			9	19
16	Охрид	13	3	3			30	49
17	Прилеп	22		1			62	85
18	Пробиштип	5		2			2	9
19	Радовиш	16	4	2			6	28
20	Ресен	2	1				14	17
21	Св Николе	1					6	7
22	Скопје	139	15	5		1	205	365
23	Струга	11	2	1		1	22	37
24	Струмица	41	3	1		1	45	91
25	Тетово	33	3	2			50	88
26	Валандово						4	4
27	Велес	19	2				28	49
28	Виница	4	1				7	12
29	Д Хисар	3					3	6
30	Крушево	1		1			6	8
	ВКУПНО	**558**	**63**	**47**	**6**	**10**	**783**	**1467**

Во 2006 година активни факсимили од избрани лекари кои работеле со Фондот се вкупно 2248 лекари, според дејности: општа медицина 927, медицина на трудот 56, педијатрија 139, училишна медицина 73, гинекологија 112. стоматологија 931.

Во 2005 година со приватни здравствени установи за примарна здравствена заштита биле склучени вкупно 1.179 договори а 72 за специјалистичко-консултативна здравствена заштита.

Табела 7: Бројот на склучени договори со приватни специјалистичко- консултативни здравствени установи во 2006 година

Подрачна служба	**Општа хирургија**	**Физикална медицина**	**Дермат овенер ологија**	**Невроп сихијат рија**	**Ортопе дија**	**Пнеумо фтизиол огија**	**Очни болести**	**Интерна медицина**	**ОРЛ**	**ВКУПНО**
Штип							1	2	2	**5**
Берово										
Битола				2						**2**
М Брод										
Дебар										
Делчево										
Гевгелија										
Гостивар										
Кавадарци								1		**1**
Кишево										
Кочани	1							2	1	**4**
Кратово										
Кр Паланка								1		**1**
Куманово		1	1	1			1	3	2	**9**
Неготино	1									**1**
Охрид		1		1			2	2	1	**7**
Прилеп										
Пробиштип						1				**1**
Радовиш					1					**1**
Ресен										
Св Николе										
Скопје	1	6	2	8			6	3		**26**
Струга										
Струмица				1			1	2		**4**
Тетово		1		1				1	1	**4**
Валандово										
Велес								4		**4**
Виница										
Д Хисар										
Крушево										
ВКУПНО:	**3**	**9**	**3**	**14**	**1**	**1**	**11**	**21**	**7**	**70**

Во 2006 година се склучени вкупно 67 договори со здравствени установи кои пружаат лабораториски услуги за потребите на примарна здравствена заштита .

Табела 8: Број на склучени договори за лабораториски услуги

	Подрачна служба	Број		Подрачна служба	Број		Подрачна служба	Број
1	**Скопје**	**18**	8	**Тетово**	**4**	15	**Велес**	**3**
2	**Неготино**	**3**	9	**Кичево**	**1**	16	**Струмица**	**4**
3	**Куманово**	**8**	10	**Кавадарци**	**2**	17	**Ресен**	**2**
4	**Штип**	**3**	11	**Битола**	**2**	18	**Радовиш**	**3**
5	**Прилеп**	**4**	12	**Кратово**	**1**	19	**Гостивар**	**1**
6	**Берово**	**1**	13	**Охрид**	**2**	20	**Струга**	**2**
7	**Кр Паланка**	**1**	14	**Делчево**	**2**		**Вкупно**	**67**

Во 2005 година биле склучени 50 договори со здравствени установи кои пружаат лабораториски услуги за потребите на примарна здравствена заштита.

Во 2006 година за обезбедување на осигурените лица со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот се склучени вкупно 251 договори со приватни аптеки, а во 2005 година биле склучени 103 договори со приватните аптеки.
Состојбата на склучените договори со приватните аптеки по градови е следна:

Табела 9: Број на склучени договори со АПТЕКИ

	Подрачна служба	Број		Подрачна служба	Број		Подрачна служба	Број
1	**Скопје**	**10**	11	**Тетово**	**19**	21	**Велес**	**10**
2	**Неготино**	**4**	12	**Кичево**	**7**	22	**Струмица**	**19**
3	**Куманово**	**26**	13	**Кавадарци**	**9**	23	**Ресен**	**3**
4	**Штип**	**12**	14	**Битола**	**22**	24	**Радовиш**	**8**
5	**Прилеп**	**22**	15	**Кратово**	**2**	25	**Гостивар**	**10**
6	**Берово**	**4**	16	**Охрид**	**12**	26	**Струга**	**13**
7	**Кр Паланка**	**4**	17	**Делчево**	**5**	27	**Св Николе**	**2**
8	**Валандово**	**1**	18	**Д Хисар**	**2**	28	**Пробиштип**	**3**
9	**Виница**	**3**	19	**Кочани**	**7**	29	**Дебар**	**2**
10	**Гевгелија**	**6**	20	**Крушево**	**2**	30	**М Брод**	**2**
							Вкупно	**251**

Зголемениот број на склучени договори со аптеките во 2006 година е резултат на извршената трансформација на аптеките и нивна приватизација.

За остварување на право на ортопедски и други помагала, во 2006 година Фондот има склучено вкупно 44 договори со правни лица кои вршат поизводство и промет со ортопедски и други помагала од кои со 34 правни лица за очни помагала, 6 за ортопедски помагала и 4 за слушни помагала.

11. Снабдување со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита

Фондот преку следењето на требувањата и издавањето на бандеролите директно ја следи состојбата со снабдувањето на лековите во аптеките, но исто така и преку своите подрачни служби ја следи состојбата со испораката на истите од страна на добавувачите и со потрошувачката .
Врз основа на извршените контроли на снабденоста со лекови од Листата на лекови во примарна здравствена заштита во аптеките во Скопје и во Републиката во 2006 година, може да се констатира дека:
Снабденоста на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на средствата на Фондот во аптеките со кои Фондот има склучено договори, е на задоволително ниво. Застапен е поголем дел од палетата на лекови од Листата и во задоволителни количини, со исклучок на еден помал дел дефицитарни лекови кои добавувачите не ги испорачале заради проблеми со производството на истите. Меѓу овие лекови се некои од групата кардиотонични гликозиди, Ца-блокатори, антиепилептични лекови, лекови за третман на пептичен улкус и др.
При контролата на состојбата на лековите на 31.12.206 година кај ПЗУ „Градски аптеки Скопје“, утврдена е залиха на лекови која е резултат на извршените требувања во тек на 2004 година во износ од околу 41.143.721 денар од кои 32.738.778 денари отпаѓаат на лекови за кои се издаваат бандероли од страна на Фондот за здравствено осигурување, а 8.404.943 денари на лекови кои аптеките ги требуваат како лекови со намалена цена. За сметка на тоа не се требувани лекови од одредени добавувачи со што на пациентите им биле ускратени важни групи на лекови како што се антиаритмици, бета блокатори, антипсихотици и др.
Со потпишувањето на новите договори со аптеките, истите се должни да доставуваат месечни извештаи за испорачаните лекови, со тоа Фондот во наредниот период ќе има подобар увид и можност за следење на асортиманот на лековите по требувањата на аптеките и количината на испорачани лекови од страна на избраните најповолни добавувачи, откривање на евентуални недостатоци во снабдувањето со лекови и навремено преземање на соодветни мерки,.

Снабдување со лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита во 2006 година беа следени преку бројот на издадени бандероли кои се прикажани во следната табела:

Снабдувањето со лековите следено преку бројот на издадени бандероли во 2006 година ја има следната тенденција:
- во текот на 2006 година се забележува вкупно намалување на бројот на издадените бандероли за 6,66% во однос на предходната година, а издвоените средства просечно се намалени за 8,85%.
- во динамиката на месечното движење на бројот на издадените бандероли во периодот јануари - август се забележува намалување на бројот на издадени бандероли просечно за 14,59%, соодветно се намалени и издвоените средства за лекови, додека,
- во периодот септември - декември постои зголемување на бројот на издадени бандероли за 9,20%, и зголемување на финансиските средства.

Табела 10*: *Издадени бандероли за лекови во примарна здравствена заштита

		2005		2006		2006/2005 година	
Ред. бр.	Месец	Број на издадени бандероли	Износ на издадени бандероли	Број на издадени бандероли	Износ на издадени бандероли	Индекс издадени бандероли-06/05 г.	Индекс износот 06/05
1	2	3	4	5	6	7	8
1	Јануари	801.700	136.863.652	669.653	92.277.813	83,53	67,42
2	Февруари	833.369	141.349.089	675.802	91.234.432	81,09	64,54
3	Март	863.949	148.125.604	717.921	95.297.486	83,09	64,33
4	Април	890.358	149.241.728	832.273	110.791.911	93,47	74,23
5	Мај	858.104	144.851.761	811.460	110.135.974	94,56	76,03
6	Јуни	854.473	140.191.883	776.518	108.708.191	90,87	77,54
7	Јули	822.209	105.422.334	697.561	109.290.866	84,83	103,67
8	Август	814.696	104.154.614	585.138	93.542.743	71,82	89,81
9	Септември	692.851	93.614.920	820.563	109.531.455	118,43	117,00
10	Октомври	710.555	96.207.820	767.616	111.999.239	108,03	116,41
11	Ноември	700.655	93.674.477	732.066	112.382.117	104,48	119,97
12	Декември	631.983	88.775.118	732.066	109.019.322	105,84	122,80
	Вкупно	**9.474.902**	**1.442.473.000**	**8.755.525**	**1.254.211.000**	**93,34**	**91,15**

Во 2006 година е постигнато подобро снабдување на осигурените лица со лекови што е резултат на поголемата економичност.

12. Јавни набавки

Во текот на 2006 година спроведувани се постапки за јавни набавки за потребите на Фондот со подрачните служби и за потребите на јавните здравствени установи.

Набавките за потребите на јавните здравствени установи се однесуваат за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и лекови и медицински потрошен материјал

утврдени според програмите за здравствена заштита што ги носи Владата на Република Македонија. Во услови кога сеуште не е утврдено постапка за утврдување на референтни цени за лековите и медицинскиот потрошен материјал, утврдувањето на цените на овие материјали се врши со спроведување на постапки за јавни набавки, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.
Во текот на 2006 година се спроведени вкупно 14 постапки за набавки за потребите на Фондот со подрачните служби и јавните здравствени установи.

12.1.Набавки за потребите на ЈЗУ

За потребите на ЈЗУ во текот на 2006 година се спроведени вкупно 5 набавки и тоа:
- една постапка по пат на отворен повик за набавка на имуноглобулини, коагулациони фактори и крвни супституенти според програмите за здравствена заштита во 2006 година во износ од 143.354.120 денари;
- една постапка по пат на отворен повик за набавка на медицински потрошен материјал за хемодијализа според Програмата за хемодијализа во вкупен износ од 324.761.946 денари;
- две постапки за набавка на лекови по пат на преговарање согласно член 67 од Законот за јавни набавки со вкупна вредност од 7.941.000 денари;
- една постапка за набавка за кеси за крв по пат на отворен повик со вкупна вредност од 21.531.000 денари;
- една постапка по пат на отворен повик за набавка на услуги за издавање на лекови на рецепт од Листата на лекови во примарната здравствена заштита со вредност од 120.000.000 денари;

12.2. Набавки за потребите на Фондот со подрачните служби

За потребите на Фондот за здравствено осигурување и подрачните служби на Фондот во 2006 година спроведени се 8 постапки за јавни набавки по пат на отворен повик и тоа:

- осигурување на имотот на Фондот со подрачните служби на Фондот во износ од 1.384.612 денари
- обезбедување на деловен простор на Фондот и Подрачната служба на Фондот во Скопје во износ од 1.271.112 денари
- интернет услуги во износ од 1.381.188 денари
- налепници (бандероли) за лекови во износ од 651.380 денари
- огревен материјал (масло екстра лесно) за подрачните служби на Фондот во износ од 3.634.650 денари
- потврди за платен придонес за задолжително здравствено осигурување (,,сини картони,,) во износ од 1.038.400 денари
- рибони и тонери во износ од 1.431.785 денари
- компјутерска опрема во износ од 8.833.299 денари

Набавките што ги спроведе Фондот во текот на 2006 година правени се врз основа на Планот за јавни набавки како и врз основа на претходно искажани потреби на здравствените установи и потребите на Фондот и подрачните служби на Фондот.

13. Развој на информатички систем

Во 2006 година Фондот продолжи со континуирани активности и имплементација на проекти за изградба и унапредување на сопствен интегрален Информатички систем и остварување на комуникација и соработка со други субјекти од здравствениот и јавниот сектор. Активностите беа извршувани согласно годишниот план за работа, при што некои од планираните активности беа реализирани комплетно, некои само делумно, а некои се одложени за наредната година поради одредени објективни причини.

13.1. Усвојување и имплементација на ИКТ стратегија во здравствениот сектор

Како една од подкомпонентите на Проектот за управување со здравствениот сектор (Health Sector Management Proect) во текот на март 2006 година беше усвоена и промовирана Стратегијата за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем. Документот беше работен во соработка со странски консултант, од страна на комбинирана работна група во која имаше членови од Секторот за информатика на Фондот.

13.2. Електронска обработка на податоците од рецептните обрасци за издавање на лекови

Користејќи странски искуства и модели, комбинирана работна група во која имаше членови од Фондот, беше изработен проект за електронска обработка на податоците од реализираните рецептни обрасци за издавање на лекови. Од донаторски средства на проектот е-Влада, финансиран од USAID, беше започната имплементација на проектот.

13.3. Инфраструктура и хардверски ресурси во централата и подрачните служби на Фондот

Како една од подкомпонентите на Проектот за управување со здравствениот сектор (Health Sector Management Proect) при крајот на 2006 година беше подготвена техничка спецификација за хардерска и комуникациска опрема која во текот на 2007 година ќе биде набавена од средства од заем од Светската банка. Со опремата ќе бидат целосно покриени тековните потреби на Фондот од овој аспект и ќе се создадат неоходните услови за комплетна имплемнтација на новото апликативно софтверско решение.

13.4.Апликативно софтверско решение

Во текот на 2006 година се вршеше континуирано прилагодување на софтверското решение наменето за подрачнте служби на Фондот, согласно измените на законската регулатива, на и според сопствените потреби. До крајот на 2006 година беше комплетирано и софтверското решение наменето за централата на Фондот.

13.5. WEB страница

Како континуирана активност во текот на годината, постојано се вршеше ажурирање и дополнување на содржините кои се нудат на WEB страницата на Фондот. Оваа активност беше извршувана од страна на сопствен WEB програмер, на барање на секторите во Фондот.

13.6. Соработка со други субјекти од здравствениот и јавниот сектор

Заради постепено интегрирање на здравствениот сектор во заеднички Здравствен Информатички систем, континуирано се вршени активностите за овозможување на електронска размена на податоци со други субјекти, но остварени се само мал дел од планираните врски. Континуираната соработка со Светската банка и во 2006 година беше во рамки на HSMP проектот. Вработените од Секторот за информатика и во 2006 година, постојано и активно учествуваа во работата на постојаните и повремените работни тела на Фондот, Комисија за јавни набавки и други комисии и работни групи за одредена цел.

14. Контролна функција

Контролната функција преставува значаен инструмент во севкупното работење на Фондот во насока на остварувањето поголеми приходи од една страна и намалувањето на трошоците од друга; во откривањето на неправилностите во работењето и нивното спречување и санкционирање, што е во интерес на остварување на подобра здравствена заштита на осигурениците на Фондот, поефективно и поефикасно работење во здравствените установи со рационалност во користење на средствата .
Фондот за здравствено осигурување на Македонија, согласно Законот за здравствено осигурување остварува контролна функција во:

14.1.Контрола на пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување

Во 2006 година, се вршени редовни месечни контролите на документацијата за пресметан и уплатен придонес за здравствено осигурување , кои се задолжителни при подигање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување и тоа за секој обврзник пред издавањето на потврдите за платен придонес за вработените (т.н. сини карти).

14.2.Контрола на придонеси за здравство кај правни субјекти

Кај правните субјекти - обврзници на придонес кои подолг период не платиле придонес, но и кај оние кои платиле придонесот, се вршени сеопфатни контроли со цел да се утврди дали пресметаниот и уплатениот придонес е во соглаасност со Законот за здравствено осигурување.

Оваа контрола е подолготрајна и сеопфатна и се остварува и кај обврзниците .За утврдените разлики на неплатениот придонес правните субјекти се задолжуваат да ја измират обврската и при тоа за периодот за кој не е платен придонесот за здравствено осигурување привремено им се запира правото на здравствена заштита и здравствено осигурување. Оваа право повторно се востановува по извршеното плаќање на заостанатите придонеси.

14.3. Контрола на приходи од партиципација

Партиципацијата која осигурените лица ја плаќаат при пружењето на здравствените услуги и издавањето на лековите на рецепт преставува приход на Фондот а се наплатува кај здравствената установа.
Во 2006 година се спроведени повеќе контроли на пресметаната и наплатената партиципација кај здравствените установи со цел надминување на неправилностите при пресметувањето и наплатување и за редовното и задолжително улатување на истата во Фондот
Постојат констатации дека пресметаната и наплатената партициупација кај здравствените установи не соодејствува со уплатените средства во Фондот по овој основ, односно уплатени се помалку средства од наплатените**.** Фондот во 2006 година вршеше намалување на планираните средства за извршените здравствени услуги на здравствените установи заради компензација на средствата од неуплатената партиципација.

14.4. Контрола на здравствени установи

Во здравствените установи од јавниот сектор, се вршат контроли на условите при укажување на здравствена заштита; контроли на евиденцијата при пружање на здравствени услуги; контрола на јавните набавки согласно Законот за јавни набавки, контроли на наменско и економично користење на средствата дозначени од Фондот за плати, материјални средства, лекови, медицински потрошни материјали и друго.

Во овој период се извршени контроли во јавните здравствени установи по разни основи (Клиничка болница - Битола, Општа болница - Тетово, Здравствен Дом - Ресен, Здравствен дом - Крива Паланка, Завод за рехабилитација на респираторни заболувања - Отешево, Приватна здравствена установа - Бања Банско - Струмица. За извршените контроли се изготвени извештаи во кои се констатирани состојбите, утврдени се неправилностите, дадени се предлог мерки, сугестии и препораки.

При контролите се констатирани повеќе недостатоци во работењето како што се: несоодветна медицинска евиденција; неправилности при пресметување на здравствените трошоци, неправилно фактурирање на здравствените услуги - неусогласени со ценовникот, неправилно пресметана и наплатена партиципација, исплата на плати кои не се во согласност со колективните договори, посебно во делот на платите за дежурства и по други основи, голем број на ангажирани лица по договор за дело, необезбедена материјална евиденција на лекови и медицински потрошни и други материјали.

Во текот на 2006 година се вршени контроли на набавките кај јавните здравствени установи.

Со контролите е констатирано дека некои здравствени установи се однесувале неекономично и нерационално со средствата од осигурените лица и создале неосновано поголеми залихи од просечните месечни потреби особено при преминување од еден тендер на друг што е случај со Клиничка болница - Битола, Општа болница - Тетово.

- Контрола на приватни здравствени уатанови
Во здравствените установи од приватниот сектор кои пружаат услуги од примарна здравствена заштита се спроведени контроли каде се констатирани низа неправилности, за што се изготвени извештаи кои доставени до истите и се превземени мерки за отстранување на истите.

- Контрола на податоците за видот и обемот на здравствени услуги
Кај 20 јавни специјални болници и кај 65 приватни здравствени установи кои вршат специјалистичко - консултативна дејност вршена е контрола и следење на видот и обемот на здравствените услуги, како и на исполнување на индикаторите за остварување на планираните цели низ резултатите од извршената работа, согласно задолжителните квартални извештаи.
Овие контроли се задолжителни заради утврдување на променливиот дел од средствата што треба да се исплатат секој месец на здравствената установа.

Постојат констатации дека кај повеќе специјални болници има целосно остварување на видот и обемот на здравствени услуги во рамките на планот, а кај 4 установи има остварување помало од планираното, како што се : Специјална детска болница - Охрид , Заводот за превенција лекување и рехабилитација на хронични неспецифични респираторни заболувања - Отешево, Институт за ТБЦ - Скопје и Приватна здравствена установа - Катлановска Бања, додека кај 2 здравствени установи

остварувањето е поголемо од планираното: Приватна здравствена установа - Негорски Бањи и Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Св. Еразмо - Охрид.
Во повеќето приватни здравствени установи кои вршат специјалистичко - консултативна дејност има остварување на видот и обемот на здравствени услуги во рамките на планот.
Покрај овие контроли кај ЈЗУ се врши контрола и на евиденциите на медицинската и друга документација за изршените здравствени услуги, евиденција на изборот на осигурениците, снабденоста со неопходните лекови и медицински материјали.
Најчесто се констатирани неправилности во повеќе пропишани и реализирани рецепти од предвидените со договорот; повеќе издадени упати, повеќе издадени боледувања до 15 дена; неизвршување на некои превентивни иследувања, неповикувања на пациенте на превентивни иследувања и слично во примарна здравствена заштита.

14.5. Контрола на аптеки

Во овој период се извршени поголем број контроли на аптеките со кои Фондот има склучено договори за обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарна здравствена заштита.

Во аптеките, со контролите се опфатени: начинот на чување и издавање на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот; обезбедување на континуирано снабдување со лековите; залихата на лекови; податоците од рецептот; рокот на траење на лекот; наплатата на партиципација на осигурените лица; евиденциите од областа на здравството; финансиско и материјално книговодство, фактурирањето на издадените лекови и други активности согласно со договорот.

Во согласност со реформските активности во фармацевскиот сектор во текот на 2006 година се вршеа контроли на определените финансиски средства - квоти во концесионирани и приватизирани аптеки за набавка на лекови од Позитивната листа на лекови од примарна здравствена заштита кои се на товар на Фондот.

Причини за дефицитарност од некои лекови во текот на годината се релативно малите залихи заради недостаток на средства, лошата проценка за потребите од страна на одговорното лице, промените во навиките за препишување на лекови од страна на лекарите, сезонската патологија и временските услови, лошата распределба на средствата во рамките на сложените здравствени установи, во многу мал број случаи помалку издадени бандероли од Фондот, издавање на поголем број на рецепти од матичните лекари и тн.

Исто така дефицитарноста од одредени лекови најчесто е последица од ненавременота испорака на бараните количини од добавувачот што создава вештачки недостаток од лекот, негова зголемена побарувачка во наредниот период и стварање залихи од осигурениците.
Недостатокот од лекови најчесто се надминува со обезбедување од второрангираните лекови од тендерот, лековите со доплата или набавување на друг лек со идентично или слично дејство.
Недостатокот од поедини антибиотици во некои временски периоди релативно лесно може да се компензира со понуда на други антибиотици од листата со ист или сличен спектар на делување.

14.6. Контрола на остварување на права од здравствено осигурување

Во текот на 2006 година се направени голем број на контроли на правата од здравствено осигурување со цел навремено укажување за неправилностите и пропустите во работењето, во

насока на поажурно и поефикасно обезбедување на правата од здравственото осигурување на осигурениците на Фондот.
Правата од здравствено осигурување, како на пример, рефундација на средства за набавени лекови кои паѓаат на товар на Фондот, надоместоци за лекување во странство без одобрение на Фондот и други, се остваруваат со предходна контрола на доставените барања од осигурениците, што допринесува за правилна и доследна примена на одредбите на законските прописи и правилно пресметување на средства за соодветниот надоместок.

14.7. Други видови на контроли

Во 2006 година со контролите беа опфатени и:

- Контрола на предмети за остварување на оддредени права на осигурени лица според Законот за здравствено осигурување по барање на осигурените лица или подрачните служби на Фондот;
- Контрола на издадени боледувања и исплата на надоместокот на плати на товар на Фондот, при што е констатирано дека во поедини случаи платата не е реално остварена туку се реализира со внесување на лични средства - готовина;

- Контрола на издавање на потврди за користење на здравствени услуги во странство кои се издаваат ви подрачните служби на Фондот при што се констатирани издадени потврди без поднесени барања до подрачните служби;

- Следење и анализирање на извештаи, записници и друга документација, доставувани од подрачните служби на Фондот за извршени контроли од нивна страна, со давање на соодветни насоки, сугестии и упатства за начинот на вршење на контроли;

- Изготвување на согласности за кардиохирушки операции извршени во Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори" - Скопје и контрола на договорениот обем и вид на извршените услуги согласно договорот. Се врши перманенетна, месечна проверка на фактурите доставени од Специјална болница за кардиохирургија Филип Втори - Скопје. Во 2006 година од страна на Фондот се издадени вкупно 576 согласности, а од нив се оперирани 459 осигурени лица;

- Контрола на Ивештаи за привремена спреченост за работа издадени од избраните, матични лекари;

- Утврдување на трошоци за здравствени услуги и изготвување на наод и пресметка, врз основа на медицинска и финансиска документација во Второстепена постапка за лекување во странство без решение на Фондот;

- Контрола на документација и утврдување на трошоци при изготвување на решенија за остварување на права на осигурените лица по првостепена и второстепена постапка, по потреба, давање стручни медицински мислења;

- Во текот на 2006 година се анализирани сите барања на ЈЗУ за согласности за набавки според Законот за јавни набавки, и се дадени согласности за бараните набавки според утврдените годишни рамковни планови на здравствените установи;

- Со контролата се опфатени и активности поврзани со следење на набавки на лекови, медицински потрошен материјал и други материјали спроведени од страна на Фондот кои се од заеднички интерес на здравството во целина како и контрола на фактурите од добавувачите за испораките на лекови на здравствените установи;

За неправилностите утврдени со контролите, кои укажуваат на нерационално и неекономично трошење на средствата што здравствените установи ги остваруваат заради вршење на дејноста, создавање на поголеми залихи од потребните дадени се предлог мерки и усмерувања заради надминување на истите до здравствените установи, како и укажување за одговорност на раководните лица.

За извршените контроли и утврдените неправиности во текот на 2006 година се изготвени извештаи и информации со дадени препораки и предлог мерки.

15. Меѓународни договори за социјално осигурување

Фондот за здравствено осигурување во 2006 година на осигурените лица кои привремено или постојано престојуваат во странство, на странските осигуреници кои привремено или постојано престојуваат во Република Македонија, како и на членовите на нивните семејства, им овозможи непречено остварување на правата и обврските во согласност со склучените билатерални договори за социјално осигурување.

Финансиските показатели за остварените права за социјално осигурување по меѓународните договор, кои во 2006 година во однос на претходната година покажуваат зголемување на стварните трошоци, упатуваат на заклучокот за се поголемото значење на овој вид на осигурување во меѓународните односи.

Финансиските податоци за побарувања и обврските по основ на стварни трошоци по меѓународни договори за социјално осигурување за 2006 година се прикажани во табела:

Табела 11 : Побарувања за стварни трошоци

Денари

Земја	2005	2006	Индекс
Австрија	1.209.430	920.938	76,15
Белгија	35.636	81.199	227,86
Германија	12.220.102	14.598.513	119,46
Италија	16.836.547	19.183.789	113,94
Франција	1.955	0	0
Холандија	238.180	143.592	60,29
Хрватска	2.960.672	2.191.301	74,01
Словенија	1.123.415	687.069	61,16
Србија и Црна Гора (4.861.842+128.538)	4.680.378	4.990.381	106,62
Луксембург	215.555	20.560	9,54
ВКУПНО:	**39.521.869**	**42.817.341**	**108,34**

Побарувањата по основ на стварни трошоци, во 2006 година во однос на 2005 година, бележат зголемување од 8,34% или за 3.295.472 денари и тоа со Германија, Италија и Србија и Црна Гора.

Табела 12: Обврски за стварни трошоци

Земја	2005	2006	Индекс
Австрија	2.274.212	1.287.364	56,61
Германија	2.840.878	2.459.722	86,58
Франција	1.709.047	20.292	1,19
Холандија	36.656	240.441	655,94
Хрватска	9.216.548	542.001	5,88
Словенија	594.392	249.483	41,97
Србија и Црна Гора (1.883.779+1.228.481)	1.376.617	3.112.260	226,08
ВКУПНО:	**18.048.350**	**7.911.563**	**43,84**

Обврските по основ на стварни трошоци во 2006 година во однос на 2005 година се намалени за 56,16% или за 10.136.787 денари, а најголемо намалување имаат обврските према Република Хрватска.

Добиените средства по основ на стварни и паушални трошоци во 2006 година изнесуваат 85.087.337 денари, а во 2005 година биле наплатени 64.924.902 денари, односно во 2006 година се бележи зголемен прилив од 31,06%, или за 20.162.434 денари.
Пресметување на трошоци по основ на повреда на работа со билатералните договори за социјално осигурување постои со Германија, а по тој основ состојбата во 2006 година е следната

	2005 денари	**2006 денари**	**Индекс**
Побарувања	959	0	0
Обврски	296.465	689.611	232,61

Во 2006 година по основ на повреда на работа нема побарувања, што е резултат на некористени здравствени услуги од страна на деташираните работници испратени на привремен работа во Република Македонија. Обврските по истиот основ бележат зголемување од 132,61% или за 393.147 денари, во однос на 2005 година, како резултат на зголемениот број на испратени деташирани работници на привремен работа во Германија во 2006 година, како и на зголемениот обем на користени здравственим услуги за време на нивниот деташмант.

Фондот одржуваше постојани контакти со странските органи за врска за здравствено осигурување, и во таа насока делумно беа реализирани преговорите предвидени со стратегискиот план за 2006 година, а некои беа одложени за наредната година поради тековната состојба и низа објективни причини.

Во 2006 година беа реализираа следните средби со странските носители за здравствено осигурување:

-во март 2006 година во Анкара се одржани преговори со турскиот орган за врска за здравствено осигурување на кои се разгледани прашања и проблеми од примената на Договорот за социјално

осигурување од неговото стапување во сила на 1 јули 2000 година, и беа договорени мерки за нивно надминување.

-во март 2006 година во Сараево се одржани преговори со органот за врска за здравствено осигурување на Босна и Херцеговина, на кои е усогласен текстот на двојазичните обрасци за примена на Договорот за социјално осигурување и Административната спогодба за спроведување на истиот, со ознака РМ/БиХ.

-во март 2006 година во Скопје се одржани преговори со романскиот орган за врска за здравствено осигурување на кои во целост е усогласен текстот на Административната спогодба за спроведување на Договорот за социјално осигурување, како и текстот на дел од двојазичните обрасци со ознака РО/РМ. кои се користат во билатералните односи во областа на здравственото осигурување меѓу државите на ЕУ.

-во јуни 2006 година во Букурешт повторно се одржани преговори со романскиот орган за врска за здравствено осигурување на кои е усогласен текстот на преостанатиот дел на двојазичните обрасци со ознака РО/РМ.

-во август 2006 година во Прага се одржани преговори со чешкиот орган за врска за здравствено осигурување на кои е усогласен текстот на двојазичите обрасци за примена на Договорот за социјално осигурување и Административната спогодба за спроведување на истиот, со ознака РМ/ЦЗ и ЦЗ/РМ.

Во спроведувањето на одредбите по меѓународните договори за здравствено осигурување, Фондот во 2006 година реализираше 1199 предмети и пресметки за стварни и паушални трошоци до странските носители и обратно.

Заради поуспешно и поефикасно работење во наредниот период Фондот планира да организира поефикасна евиденција со користење на информатичка подршка за изработка и доставување на податоците.

16. Известување на јавноста

Во текот на 2006 година, канцеларијата за односи со јавноста при Фондот, продолжи со редовно и навремено информирање на јавноста за работењето на Фондот. Информирањето се одвиваше преку средствата за јавно информирање и преку Веб страницата на Фондот. Комуникацијата со медиумите се одвиваше преку давање одговори на поставените прашања на новинарите од телевизиите и радиата, интервјуа со весниците , преку прганизирање на прес конференции и издавање на соопштенија.

Во просек конференциите за медиумите се организирани еднаш месечно, а соопштенијата се издавани по потреба.

Во 2006 година исто така продолжи со работа отворената линија во Фондот преку која осигурениците добиваа одговори и стручна помош за остварување на нивните права од здравственото осугурување.

17. Внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија во Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги извршува активностите согласно Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Внатрешна ревизија во 2006 година работеше во состав: Главен внатрешен ревизор и 6 внатрешни ревизори од кои еден внатрешен ревизор замина на студиско усовршување во странство во текот на септември 2006 година , така да од 11 септември 2006 година истата ревизија продолжи со 6 внатрешние ревизори. При крајот на 2006 година двајца ревизори (дипломирани економисти) се прераспоредени на други работни места, а во одделението работеа пет ревизори од кои еден дипломиран правник и четири дипломирани економисти.

Одделението за внатрешна ревизија при Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година има извршено седум ревизии и тоа:

1.1 Ревизија на регуларност во работењето на ФЗО Подрачна служба Штип за 2005 година;

1.2 Ревизија на регуларност во работењето на ФЗО Подрачна служба Струга за 2005 година;

1.3 Ревизија на регуларност во работењето на ФЗО Подрачна служба Прилеп за 2005 година;

1.4 Ревизија на ФЗОМ - централна служба Скопје на состојбата на паричните средства, побарувањата и обврските , приходите и расходите со состојба на 30.09.2066 година.

Од извршените ревизии кај Подрачните служби воопштена е констатација дека во сите подрачни служби недоволно е дефинирана надлежноста на работата во одделенијата со нодоволно дефиниран опис на работните задачи кои произлегуваат од работните места..Во врска со работата за пресметка и исплата на правата на парични надоместоци и ортопедски помагала вработените и контролата правилно ги извршуваат поставените задачи почитувајки ги законските одредби и другите интерни акти. За договорите за одложено плаќање на придонесот за здравствено осигурување и стечајните постапки нема доволно воспоставен систем за следење на наплатата.

2.1.Ревизија на постапката на изготвување на буџетот на ЈЗУ Здравствен Дом Скопје. Оваа ревизија беше отпочната кон крајот на 2005, а завршена во 2006 година.

2.2 Ревизија на регуларност во изготвување, извршување и известувањето за буџетот на ЈЗУ Клинички центар, Скопје за прво тромесечие од 2006 година.

2.3 Вршена е ревизија на регуларноста на извршувањето и известувањето за буџетот и функционирање на внатрешните контроли во ЈЗУ Здравствен дом Скопје за првото ромесечие 2006 година. Доставен е привремен и претходен ревизотрски изештај на ден 09.11.2006 година по кој има доставено коментар од страна на Здравствен дом Скопје на ден 28..11.2006 година.

3.1 Согласно проектот за “Обука на внатрешни ревизори во јавниот сектор на Република Македонија за ревизија на системите за внатрешни контроли “ финансиран од холандскиот грант , а управуван од Светската банка , Министерството за финансии-Сектортот за централна внатрешна

ревизија организираше Обука за внатрешни ревизори , во временскиот период од 11.09.2006 до 15.09.2006 и од 09.10.2006 до 20.10.2006 година.

За сите извршени ревизии, Одделението за Внатрешна ревизија изготви ревизорски претходни и конечни извештаи во кои се содржани ревизорските наоди, заклучоците и дадени се препораки до раководството за надминување на констатираните слабости.

Врз основа на дописот од Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување на Македонија обезбеди задолжително учество обуката да ја посетуваат пет вработени од одделението , додека двајца вработени ја обавуваа работата според планот на активности за 2006 година.

По завршувањето на обуката тимот кој ја посетуваше обуката беше ангажиран да изработи пилот Ревизија на регуларност на процесот на пресметка и исплата на плати, како и системот на функционирање на внатрешните контроли на процесот , во Фондот за здравствено осигурување на Македонија , за период јануари - март 2006 година. Оваа ревизија преставува практична работа што се изведува во рамки на напредната обука за внатрешните ревизори во јавниот сектор на РМ, за ревизија на системите на внатрешни контроли.

Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна контрола во рамките на проектот " Обука на внатрешни ревизори во јавниот сектор на Република Македонија за ревизија на системите за внатрешни контроли" организираше презентација на Завршната конференција која се одржа на ден 7 и 8 декември 2006 година на која беше презентирана изработената пилот ревизија.

18. Кадровска структура на Фондот

Во 2006 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги продолжи судските постапки по поднесени тужби на вработени на кои им престанла работниот однос по Одлуката донесена во 2003 година за престанок на работен однос со отказ поради економски и структурални промени во Фондот. Од вкупниот број на работници на кои им престастанал работниот однос по тој основ 72 работника повеле спор пред надлежните судови, од нив 5 работници се вратени на работа со судска пресуда, со 3 работници Фондот склучил Вонсудска спогодба, а за 6 тужби судската постапка е во тек пред надлежните судови.

Во извештајниот период Фондот за здравствено осигурување на Македонија изврши прием со оглас на 15 работници на работни места кои останале непополнети поради природен и механички одлив на работници, и тоа, на 7 работници им престанал работниот однос поради остварување право на пензија ,а 6 работника побарале спогодбено да им престане работниот однос.
Постапувајќи по донесениот Закон за агенциите за привремено вработување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија склучи договор за отстапување на работници за привремени работи со овластена Агенција преку која за потребите на Фондот во 2006 година работно се ангажирани вкупно 37 работници.

Бројот на вработените по извршените нови вработувања и реализираниот процент на застапеност на припадниците на етничките заедници во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со состојба на 31 декември 2006 година е прикажана во следната табела:

Табела 13: Број на вработени во Фондот на 31.12.2006 година

Подрачна	2006	основно	ВК	IV	VI	VII
Берово	**11**	1		6		4
Битола	**39**	2		15	12	10
М Брод	**5**			1	3	1
Валандово	**9**	1			6	2
Виница	**10**			7	1	2
Гевгелија	**14**	1		4	3	6
Гостивар	**34**	3		17	4	10
Дебар	**9**		1	2	3	3
Делчево	**12**	2		5	1	4
Д Хисар	**6**			2	3	1
Кавадарци	**11**	1		4	2	4
Кичево	**20**	1		11	1	7
Кочани	**13**	1		3	4	5
Кратово	**7**			3	2	2
Кр Паланка	**8**			4	2	2
Крушево	**7**		1	1	4	1
Куманово	**30**	2		18	2	8
Неготино	**9**	1		5		3
Охрид	**25**	1	1	13	3	7
Прилеп	**23**	1		4	7	11
Пробиштип	**9**	1		6		2
Радовиш	**8**			3	2	3
Ресен	**12**	2		4	1	5
Св Николе	**8**			5	1	2
Скопје	**98**	7	1	63	1	26
Струга	**23**	3	1	7	2	10
Струмица	**23**	2		9	5	7
Тетово	**38**	1	1	27	3	6
Велес	**19**	1		9	3	6
Штип	**18**	1		6	6	5
Цен.служба	**94**	4		25	3	61
ВКУПНО	**652**	40	6	289	90	226

ВТОР ДЕЛ



1. АНАЛИЗА ЗА ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

Согласно членот 67 од Законот за здравствено осигурување , Фондот е должен еднаш годишно да доставува до Монистерството за здравство, до Владата и Собранието на Република Македонија, анализа за економско-финансиското работење на Фондот

Анализата за економско-финансиското работење на Фондот за 2006 година е изготвена на основа на податоците од сметководствената евиденција на Фондот.
Во анализата се дадени податоци за приходите, расходите и финансискиот резултат по Годишната сметка за 2006 година, како и податоци за обврските на Фондот и нивната достасаност за плаќање.
Средствата за работа на Фондот се обезбедуваат од придонесите за задолжително здравствено осигурување и тоа од:придонесите од плати , од дополнителниот придонес во случај на повреда и професионално заболување

и трансферни приходи, од придонесите од пензиите, придонесите од лица кои се пријавуваат како невработени и од средствата од Буџетот на Рм за програмите за здравствена заштита и за социјалните програми.

Во финансирањето на здравствената заштита, осигурениците учествуваат со лични средства за покривање на трошоците за здравствените услуги и лековите (партиципација).

Остварените средства во Фондот се користат за покривање на трошоците за: здравствени услуги на осигурените лица; лекови и медицински материјали за лекување; ортопедски и други помагала; парични надоместоци; инвестициони вложувања; трошоци на Администрацијата, и за други потреби за спроведување на задолжителното осигурување.

2. Приходи на Фондот


Во 2006 година во Фондот се остварени приходи во износ од 16.504.895 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 1.375.408 илјада денари.
Планираните приходи за 2006 година изнесуваат 16.614.490 илјада денари или просечно месечно 1.384.541 илјада денари. Во споредба со планираните приходи за 2006 година остварените приходи се помали за 0.66% или со индекс од 99,34.
Порастот на приходите во оваа година е резултат на добиените средства од продажбата на ЈЗУ Градски Аптеки-Скопје (793.796 илјада денари). Без овие средства остварувањето на вкупните приходи на Фондот во однос на планот се помали за 5,44%.
Остварените приходи за 2006 година споредени со остварените приходи во 2005 година (износ 15.249.563 илјада денари) бележат зголемување од 8,23%, а без средствата од аптеките зголемувањето изнесува 3,03%.

Движењето на остварените приходи во текот на годината е со различна динамика во месечното остварување. Најголемо остварување е постигната во месец јуни, кое изнесува 51,39% над планираните приходи и во месец декември со 10,48%, а во останатите месеци од годината остварувањето е испод планираните приходи.
Ваквото нерамномерно месечно остварување на приходите е резултат на нередовното месечно уплатување на придонесот за здравствено осигурување, додека во месец јуни зголеменото остварување на приходите е резултат на остварените приходи од продажбата на Градски аптеки.

***Табела 14*: Движење на вкупни приходи во 2006 година**

опис	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ное	дек	Вкупно
план	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	**16.614.490**
ост	1.163.985	1.226.554	1.360.823	1.287.954	1.270.062	2.096.000	1.291.478	1.309.375	1.315.725	1.321.899	1.331.386	1.529,654	**16.504.895**
инд	**84,07**	**88,59**	**98,29**	**93,02**	**91,73**	**151,39**	**93,28**	**94,57**	**95,03**	**95,48**	**96,16**	**110,48**	**99,34**

Графикон 1: Планирани и остварени вкупни приходи на Фондот во 2006 година



2.1. Структура на приходи на Фондот

Структурата на приходите на Фондот ја сочинуваат:


- Придонеси од бруто плати
- Други неданочни приходи
- Трансфери од други нивоа на власт

Во структурата на остварените вкупни приходи во 2006 година, приходите од бруто плати учествуваат со 57,25%, трансферните приходи со 35,64%,а другите неданочни приходи имаат учество од 7,12%.

***Табела 15: Структура на остварени вкупни приходи во 2006* година**

Вид на приход	2005	2006		индекс 2006/2005	Индекс план/оств остварување	%
		План	Остварено			
Придонеси од бруто плати	8.981.814	9.275.989	9.448.377	105,19	101,86	57,25
Други неданочни приходи	513.146	1.446.455	1.174.983	228,98	81,23	7,12
Трансфери од други нивоа на власт	5.589.902	5.892.046	5.881.535	105,22	99,82	35,64
Пренесен вишок од минати години	164.701			0,00		
Вкупно	15.249.563,00	16.614.490,00	16.504.895,00	108,23	99,34	100,00

Графикон 2: Структура на остварени приходи во 2006 година




2.1.1 Приходи од придонеси од плати

Приходи од придонеси од бруто плати на вработените во 2006 година се остварени во износ од 9.448.377 илјади денари и се над планираните за 1,86%.
Овие приходи споредени со истиот период од 2005 година бележат пораст од 5,19% .
Динамиката на остварување на овие приходи по месеци е нерамномерна, што е резултат на поинтензивни исплати на плати кај работодавците пред државните празници, пред годишните одмори и пред истекот на годината.

Табела 16: Движење на приходи од придонеси од бруто плати во 2006

Придонеси	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	772.999	**9.275.989**
остварено	588.442	759.046	822.020	772.555	765.823	791.301	777.741	784.031	794.136	804.145	812.683	976.454	**9.448.377**
индекс	76,12	98,19	106,34	99,94	99,07	102,37	100,61	101,43	102,73	104,03	105,13	126,32	101,86

Графикон 3: Планирани и остварени приходи од придонеси од плати во 2006 година



2.1.2. Други неданочни приходи

Во структурата на други неданочни приходи се опфатени:
- приходите од наплатена партиципација,
- приходите од конвенции,
- останатите неданочни приходи

Табела 17: Структура на други неданочни приходи во 2006 година

Вид на приход	2005	2006		индекс 2006/2005	Индекс оств/план	%
		План	Остварено			
Приходи од наплатена партиципација	434.273	573.159	285.935	65,84	49,89	24,34
Приходи од конвенции	64.924	55.000	72.304	111,37	131,46	6,15
Останати неданочни приходи	13.931	818.296	816.744	5.862,78	99,81	69,51
Вкупно	513.128	1.446.455	1.174.983	228,98	81,23	100,00

Другите неданочни приходи во 2006 година се остварени во износ од 1.174.983 илјади денари или испод планираните за 18,77%, што е резултат на неуплатена партиципација кај јавните здравствени установи, која е приход на Фондот.
Остварените други неданочни приходи во 2006 година, споредени со остварувањето од 2005 година бележат зголемување од 228,98%, што е резултат на уплатата на средствата од продажбата на ЈЗУ Градски Аптеки-Скопје (за овие приходи е направен Ребаланс на буџетот на Фондот).


Оваа група на приходи во структурата на вкупните приходи на Фондот учествуваат со 7,12% од кои приходите од наплатена партиципација учествуваат со 1,73%, приходите од конвенции 0,44%, а останатите неданочни приходи имаат учество од 4,95%.
Партиципацијата е приход на Фондот а се плаќа при користењето на здравствените услугии лековите. И во 2006 година здравствените установи не ја уплатуваа редовно наплатената партиципација иако е тоа нивна законска обврска, заради што Фондот беше принуден да врши компензација на терет на буџетски плафони на јавните здравствени установи

Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи, во сите месеци е испод месечниот просек со исклучок на месец јуни кога се уплатени средствата од продажбата на Градски аптеки.

Табела 18: Движење на други неданочни приходи во 2006 година

Други неданочни приходи	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	120.538	**1.446.455**
остварено	66.545	29.173	26.486	32.599	25.636	823.705	20.509	45.685	32.703	24.023	22.579	25.340	**1.174.983**
индекс	55,21	24,20	21,97	27,04	21,27	683,36	17,01	37,90	27,13	19,93	18,73	21,02	81,23

Графикон 4: Планирани и остварени други неданочни приходи во 2006



2.1.3. Трансферни приходи

Трансферните приходи во 2006 година се остварени во износ од 5.881.535 илјади денари и се остварени испод планот за 0,18%.


Овие приходи споредени со истиот период од 2005 година бележат пораст од 2,21%.

Во 2006 година движењето на остварените трансферните приходи е рамномерно во рамките на планот со мали месечни прелевања.

Табела 19: Движење на вкупни трансферни приходи во 2006 година

трансфери	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	491.004	5.892.046
оств	508.998	438.335	512.317	482.800	478.603	480.994	493.228	479.659	488.886	493.731	498.124	525.860	5.881.535
инд	103,66	89,27	104,34	98,33	97,47	97,96	100,45	97,69	99,57	100,56	101,45	107,1	99,82

***Графикон 5: Планирани и остварени трансферни приходи* во 2006**



2.1.3.1. Структура на трансферни приходи

Структурата на трансферните приходи ја сочинуваат:
- придонесите од корисници на пензии,
- придонесите за невработени лица,
- придонесите за социјална заштита ,
- придонесите за инвалидизирани лица
- приходи од Буџет на РМ по програми за здравствена заштита,
- пренесен вишок на приходи од претходна година.

Табела 20: Структура на трансферни приходи во 2006 година

Вид на приход	2005	2006 План	2006 Остварено	индекс 2006/2005	Индекс план/остварено	%
Придонеси од корисници на пензии	3.417.132	3.637.262	3.582.939	104,85	98,51	60,92
Придонеси од невработени лица	2.062.525	2.142.469	2.144.165	103,96	100,08	36,46
Придонеси од корисници на социјална заштита	66.573	71.435	69.627	104,59	97,47	1,18
Приходи од програми	43.670	40.880	40.880	93,61	100,00	0,70
Пренесен вишок од претходна година	164.701		43.924	26,67	0,00	0,75
Вкупно	5.754.601	5.892.046	5.881.535	102,21	99,82	100,00

Во структурата на трансферните приходи придонесите од корисници на пензии во вкупните приходи учествуваат со 21,71%, придонесите за невработени лица учествуваат со 12,99% ,а придонесите за социјална заштита заедно со придонесите за инвалидизирани лица имаат учество од 0,42%


2.1.3.2. Придонеси од корисници на пензии

Во 2006 година приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 3.582.939 илјади денари со индекс на остварување од 98,51 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2005 година (износ 3.417.132 илјади денари) бележат пораст од 4,85%.
Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните се помали во апсолутен износ од 54.323 илјади денари или 1,49%. Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2006 година е со рамномерна месечна уплата.

Табела 21: Движење на придонеси од корисници на пензии во 2006

Придонеси на корисници на пензии	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	303.105	**3.637.262**
оств	291.435	255.511	329.647	297.232	291.376	302.250	294.317	292.635	305.881	303.110	306.316	313.229	**3.582.939**
инд	96,15	84,30	108,76	98,06	96,13	99,72	97,10	96,55	100,92	100,00	101,06	103,34	98,51

Графикон 6: Планирани и остварени придонеси од корисници на пензии во 2006 година



2.1.3.3.Придонеси за невработени лица


Во 2006 година приходите од придонеси од невработени лица се остварени во вкупен износ од 2.144.165 илјади денари со индекс на остварување од 100,08.
Овие приходи споредени со истиот период од 2005 година (износ 2,062.526 илјади денари) се остварени повеќе за 3,96%.

Остварените приходи од невработени лица во однос на планираните за истиот период се поголеми во апсолутен износ од 1.696 илјада денари или за 0,08%.
Наплатата на придонесите од невработени лица по месеци во текот на 2006 година се движи рамномерно со мали отстапувања.

Табела 22: Движење на придонеси за невработени лица во 2006 година

Придонес за невработени лица	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	178.539	**2.142.469**
ост	172.043	173.315	176.999	179.784	174.979	159.148	193.232	181.061	181.111	180.397	185.832	186.264	**2.144.165**
инд	96,36	97,07	99,14	100,70	98,01	89,14	108,23	101,41	101,44	101,04	104,08	104,33	100,08

Графикон 7: Планирании остварени придонеси за невработени лица во 2006 година



2.1..3.4.Придонеси на корисници на права од социјална заштита и придонеси за инвалидизирани лица

Овие приходи во 2006 година се остварени во вкупен износ од 69.627 илјади денари, и со индекс на остварување од 97,47 во однос на годишниот план.
Остварените приходи од придонеси на корисници на права од социјална заштита заедно со придонеси за инвалидизирани лица споредени со истиот период од 2005 година се поголеми за 4,59%.

2.1.3.5. Трансфери на Буџетот на РМ

Во текот на 2006 година, Буџетот на РМ има уплатено средства по програми за здравствена заштита во износ од 40.880 илјада денари. Овие приходи се остварени 100% во однос на годишниот план.

2.1.3.6. Пренесени приходи од претходна година

Овие приходи преставуваат нераспоредени средства затекнати на жиро сметката на 31.12.2005 година во износ од 43.924 илјада денари, кои се пренесени како приход за наредна година.



Табела23: Приходи на Фондот 2006 година

		2005 година		2006 година				
сметка	**ОПИС**	**Остварено**	**струк-тура**	**Планирано**	**Остварено**	**струк-тура**	**Инд план/ оств**	**Инд 2006/2005**
	ПРИХОДИ	**15.249.561.382**	100	**16.614.490.000**	**16.504.895.973**	100	99,34	108,23
712	Придонеси од плати	8.981.814.144	58,90	9.275.989.000	9.448.377.481	57,25	101,86	105,19
712213	Придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати и надоместоци од плати на вработени кај правни лица	7.507.580.937	49,23	7.714.682.000	7.960.659.284	48,23	103,19	106,03
712215	Придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност	163.730.824	1,07	205.376.000	166.637.425	1,01	81,14	101,78
712216	Придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработени кај лица кои вршат самостојна дејност	82.219.531	0,54	98.180.000	80.831.403	0,49	82,33	98,31
712221	Придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаваат со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов	55.631.167	0,36	65.443.000	51.984.390	0,31	79,43	93,44
712222	Придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници	124.933.527	0,82	124.227.000	124.398.217	0,75	100,14	99,57
712211	Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување	457.720.927	3,00	493.904.000	487.939.590	2,96	98,79	106,60
712223	Придонес за здравствено осигурување за изминати години	589.997.231	3,87	574.177.000	575.927.172	3,49	100,30	97,62
	Други неданочни приходиі	**513.145.735**	**3,36**	**1.446.455.000**	**1.174.982.796**	**7,12**	**81,23**	**228,98**
	Останати неданочни приходи	13.947.698	0,09	818.296.000	816.743.976	4,95	99,81	5.855,76
	Приходи од партиципација	434.273.135	2,85	573.159.000	285.935.113	1,73	49,89	65,84
	Приходи од конвенции	64.924.902	0,43	55.000.000	72.303.707	0,44	131,46	111,37
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**5.754.601.503**	**37,74**	**5.892.046.000**	**5.881.535.696**	**35,64**	**99,82**	**102,21**
741113	**Трансфери од буџетите на фондовите**	**5.546.230.293**	**36,37**	**5.851.166.000**	**5.796.731.836**	**35,12**	**99,07**	**104,52**
	Придонеси на корисници на пензии и парични надоместоци	3.417.132.192	22,41	3.637.262.000	3.582.938.904	21,71	98,51	104,85
	Придонеси на невработените лица	2.062.525.382	13,53	2.142.469.000	2.144.165.271	12,99	100,08	103,96
	Придонеси на корисници на права од социјална заштита	64.013.867	0,42	46.435.000	67.107.498	0,41	144,52	104,83
	Придонеси за инвалидизирани лица	2.558.852	0,02	25.000.000	2.520.163	0,02	10,08	98,49
741111	Тековни трансфери од други нивоа на власт	43.670.000	0,29	40.880.000	40.880.000	0,25	100,00	93,61
741112	Тансфери од Буџет на РМ		0,00	0		0,00		0,00
741114	Пренесен вишок на приходи од претходната година	164.701.210	1,08	0	43.923.860	0,27		26,67

3. Расходи на Фондот

Вкупните расходи на Фондот за 2006 година изнесуваат 16.280.394 илјади денари, што преставува просечен месечен расход од 1.356.700 илади денари.

Табела 24: Вкупни расходи на Фондот во 2006 година

Вид на расход	2005	2006 План	2006 Остварено	Индекс 2006/2005	Индекс оств/план	%
Здравствени услуги	13.738.300	14.886.490	14.710.789	107,08	98,82	90,36
Социјални бенифиции	1.069.890	1.200.000	1.116.086	104,32	93,01	6,86
Капитални субвенции за ЈЗУ	95.641	70.000	49.244	51,49	70,35	0,30
Вкупно Програма 10 - Здравствена дејност и осигурување	**14.903.831**	**16.156.490**	**15.876.119**	**106,52**	**98,26**	**97,52**
Функционални расходи на Фондот	301.806	458.000	404.275	133,95	88,27	2,48
Вкупно Програма 20 Администрација	301.806	458.000	404.275	133,95	88,27	2,48
Вкупни расходи	**15.205.637**	**16.614.490**	**16.280.394**	**107,07**	**97,99**	**100,00**


Вкупните остварени расходи во тековната 2006 година споредени со планираните се помали за 2,01%, додека истите споредени со 2005 година бележат зголемување од 7,07%.
Движењето на остварените расходи во текот на 2006 година е со различна динамика во месечното остварување.

Ваквото нерамномерно месечно остварување на расходите го прати движењето на остварените приходи за истиот период. Во месец јуни расходите покажуваат значително зголемен износ што е резултат на остварениот приход во истиот месец по основ на наплатени средсва од продажбата на Градски аптеки.


Табела 25: Движење на вкупни расходи во 2006 година

Опис	јан	фев	мар	апр	мај	јун	јул	авг	сеп	окт	ноем	дек	Вкупно
план	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	1.384.541	**16.614.490**
оств	1.036.327	1.110.229	1.372.139	1.334.061	1.309.326	2.094.636	1.203.203	1.283.453	1.391.040	924,018	1.587.701	1.634.261	**16.280.394**
инд	**74,85**	**80,19**	**99,10**	**96,35**	**94,57**	**151,29**	**86,90**	**92,70**	**100,47**	**66,74**	**114,67**	**118,04**	**97,99**

Графикон 8: Движење на планирани и остварени вкупни расходи во 2006 година



Графикон 9: Остварени вкупни приходи и расходи во 2006 година




3.1.Структура на расходи

Структурата на расходите на Фондот согласно класификацијата на Буџетот ја сочинуваат две програми:

1. Програма 10 - Здравствена дејност и осигурување
- Здравствени услуги,
- Социјални субвенции,
- Капитални субвенции за ЈЗУ
2. Програма 20 - Администрација
- Функционални расходи на Фондот

Во структурата на остварените расходи во 2006 година, расходите за здравствена дејност и осигурување учествуваат со 97,52% или вкупен износ од 15.876.119 илјада денари, а од тоа 90,36% за здравствени услуги, 6,86% за надоместоци за осигуреници и 0,30 за капитални расходи во ЈЗУ. Функционалните расходи на Фондот учествуваат со 2,48% и во вкупните расходи изнесуваат 404,275 илјади денари.

Графикон 10: Структура на вкупни расходи на Фондот во 2006 година





Табела 26: Расходи на Фондот 2006 година

		2005 година		2006 година				
сметка	**ОПИС**	**Остварено**	**струк -тура**	**Планирано**	**Остварено**	**струк-тура**	**Инд план/ оств**	**Инд 2006/2005**
	РАСХОДИ	**15.205.637.525**	**100**	**16.614.490.000**	**16.280.394.469**	**100**	**97,99**	**107,07**
1	**ТЕКОВНИ РАСХОДИ**	**15.091.324.784**	**99,25**	**16.504.490.000**	**16.216.683.513**	**99,61**	**98,26**	**107,46**
40	**ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**169.012.506**	**1,11**	**187.000.000**	**169.093.692**	**1,04**	**90,42**	**100,05**
401	Основни плати и наемнини	122.426.891	0,81	135.564.000	123.399.214	0,76	91,03	100,79
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	46.301.335	0,30	51.127.000	45.417.400	0,28	88,83	98,09
403	Останати придонеси од плати	284.280	0,00	309.000	277.078	0,00	89,67	97,47
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**13.852.226.560**	**91,10**	**15.117.490.000**	**14.931.504.160**	**91,71**	**98,77**	**107,79**
420	Патни и дневни расходи	3.182.880	0,02	4.000.000	3.626.068	0,02	90,65	113,92
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	27.793.961	0,18	40.000.000	36.684.096	0,23	91,71	131,99
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	9.910.349	0,07	10.500.000	10.501.346	0,06	100,01	105,96
424	Поправка и тековно одржување	23.315.186	0,15	18.000.000	17.407.188	0,11	96,71	74,66
425	**Договорни услуги**	**13.764.874.527**	**90,52**	**14.916.990.000**	**14.736.281.183**	**90,52**	**98,79**	**107,06**
4251-3	Кирии, банкарски и осигурителни услуги, судски и правни услуги	14.041.056	0,09	12.500.000	13.623.672	**0,08**	**108,99**	**97,03**
4254	**Здравствени услуги**	**13.738.300.307**	**90,35**	**14.886.490.000**	**14.710.788.974**	**90,36**	**98,82**	**107,08**
425420	Примарна здравствена заштита	4.588.553.590	30,18	5.245.377.000	4.781.845.456	29,37	91,16	104,21
425430	Специјалистичко консултативна заштита	2.836.151.958	18,65	2.435.530.000	4.247.093.245	26,09	174,38	149,75
425440	Болмички услуги	5.865.870.031	38,58	6.830.583.000	5.162.261.494	31,71	75,58	88,01
425450	Здравствени услуги во странство	164.250.374	1,08	155.000.000	194.518.089	1,19	125,50	118,43
425460	Ортопедски справи и помагала	264.013.808	1,74	220.000.000	320.770.622	1,97	145,80	121,50
425490	Други здравствени услуги	19.460.546	0,13	0	4.300.068	0,03		22,10
4257-9	**Други договорни услуги**	**12.533.164**	**0,08**	**18.000.000**	**11.868.537**	**0,07**	**65,94**	**94,70**
426	**Други оперативни расходи**	**23.149.657**	**0,15**	**128.000.000**	**127.004.280**	**0,78**	**99,22**	**548,62**
45	**КМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**0**	**0,00**	**0**	**0**	**0,00**	**0,00**	
4649	**Други разни трансфери**	**195.551**	**0,00**	**0**	**0**	**0,00**	**0,00**	**0,00**
47	**ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ**	**1.069.890.167**	**7,04**	**1.200.000.000**	**1.116.085.661**	**6,86**	**93,01**	**104,32**
474	**Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување**	**1.069.890.167**	**7,04**	**1.200.000.000**	**1.116.085.661**	**6,86**	**93,01**	**104,32**
4741	Надомест за боледување	305.550.392	2,01	663.224.000	496.591.651	3,05	74,88	162,52
4742	Надомест за патни трошоци	15.475.553	0,10	16.000.000	14.340.766	0,09	89,63	92,67
4743	Надомест за породилно отсуство	748.782.047	4,92	520.000.000	605.098.121	3,72	116,37	80,81
4749	Други надоместоци за здравство	82.175	0,00	776.000	55.123	0,00	7,10	67,08
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**114.312.741**	**0,75**	**110.000.000**	**63.710.956**	**0,39**	**57,92**	**55,73**
481	**Градежни објекти**	**11.329.726**	**0,07**	**15.000.000**	**2.884.894**	**0,02**	**19,23**	**25,46**
482	**Други градежни објекти**	**1.557.199**	**0,01**	**5.000.000**	**55.601**	**0,00**	**1,11**	**3,57**
483	**Купување на мебел, опрема и машини**	**5.784.999**	**0,04**	**20.000.000**	**11.526.177**	**0,07**	**57,63**	**199,24**
489	**Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации**	**95.640.817**	**0,63**	**70.000.000**	**49.244.284**	**0,30**	**70,35**	**51,49**

3.2. Расходи за здравствена дејност и осигурување

Расходите за здравствена дејност и осигурување ги сочинуваат: здравствените услуги, надоместоците за осигурениците и капиталните инвестиции во здравството.

3.2.1. Здравствени услуги

Расходите за здравствени услуги ги сочинуваат:
- за здравствени услуги на здравствените установи
- за лекување во странство
- за ортопедски помагала

Овие расходи во 2006 година се реализирани во износ од 14,710,789 илјади денари, а во однос на планот се помалку остварени за 1,18%.
Остварените расходи за здравствени услуги во 2006 година споредени со остварувањето во 2005 година се поголеми за 7,08%, што произлегува од дополнително добиените средства од продажбата на Градски аптеки кои беа потрошени за здравствени услуги. Овие расходи без средствата од Гратски аптеки, споредени со остварувањеро во 2005 бележат пораст од 1,3%.

Табела 27: Структура на здравствени услуги

Здравствени услуги	2005	2006	Индекс 06/05	%
Здравствени услуги на здравствени установи	13.310.037	14.195.500	106,65	96,50
Лекување во странство	164.250	194.518	118,43	1,32
Ортопедски помагала	264.013	320.771	121,50	2,18
Вкупно	**13.738.300**	**14.710.789**	**107,08**	**100,00**

3.2.1.1. Здравствени услуги на здравствени установи

Структурата на расходите за здравствените услуги на здравствените установи по ниво на здравствена затита ја сочинуваат:
- расходи за Примарна здравствена заштита,
- расходи за Специјалистичко консултативна здравствена заштита, и
- расходи за Болничка здравствена заштита

Табела 28: Структура на здравствени услуги према ниво на здравствена заштита

Здравствени услуги	2005	2006		Индекс ост/план	Индекс 06/05	%
		План	Остварено			
Примарна здравствена заштита	4.588.553	5.245.377	4.781.845	91,16	104,21	33,70
Специјалистичко консултативна здравствена заштита	2.836.152	2.435.530	4.247.093	174,38	149,75	29,93
Болничка здравствена заштита	5.865.870	6.830.583	5.162.261	75,58	88,01	36,38
Вкупно	**13.290.575**	**14.511.490**	**14.191.199**	97,79	106,78	100,00

Во структурата на здравствените услуги према нивото на здравствена заштита, расходите за примарна здравствена заштита имаат учество од 33,70%, расходите за специјалистичко консултативна здравствена заштита учествуваат со 29,93%, а расходите за болничка здравствена заштита учествуваат со 36,38%.

3.2.1.2. Здравствени услуги за лекување во странство

За извршени здравствени услуги за лекување на осигурените лица во странство во 2006 година Фондот потрошил средства во износ од 194.518.000 денари, што преставува 1,32% од вкупните расходи, а во однос на 2005 година кога биле потрошени 162.250.000 денари, има зголемувањње од 18,43%.

3.2.1.3. Здравствени услуги за ортопедски помагала

Расходите за ортопедски справи и помагала во 2006 година се остварени во износ од 320.771.000 денари,а во структурата на вкупните расходи имаат учество од 2,18%. Во однос на 2005 година истите се зголемени за 21,50%, што е резултат на зголемениот број на корисници по ишвршеното намалување на партиципацијата што ја плаќаат осигурените лица.

3.2.2. Расходи за социјални бенефиции

Расходите за исплата на надоместоците на осигурениците поради болест или породилно отсуство во 2006 година изнесуваат 1.116,086 илјади денари, а во однос на планот се помали за 6,99%. Остварените расходи во 2006 година за надоместоци на плата на осигурениците поради болест или породилно отсуство, споредени со остварувањето во 2005 година се поголеми за 4,32%.

Табела 29: Структура на расходи за социјални бенефиции

Ред бр	Социјални бенефиции	2005	2006		Инд ост/пл	Инд 06/05	%
			План	Остварено			
1	Надомест за боледување	305.550.392	663.224.000	496.591.651	74,88	162,52	44,49
2	Надомест за патни трошоци	15.475.553	16.000.000	14.340.766	89,63	92,67	1,28
3	Надомест за породилно отсуство	748.782.047	520.000.000	605.098.121	116,37	80,81	54,22
4	Други надоместоци	82.175	776.000	55.123	7,10	67,08	0,01
	Вкупно	1.069.890.167	1.200.000.000	1.116.086.000	93,01	104,.32	100,00

Во структурата на социјалните бенефиции најголемо учество имаат расходите за надомест на породилно отсуство 54,22%, кои во однос на остварувањето во 2005 година се помали за 19,19%, а расходите за надомест на боледување поради болест или повреда на работа имаат учество од 44,49%, тие споредени со 2005 година се поголеми за 62,52%. Причини за таквото движење на социјалните бенефиции во 2006 година се измените во Законот за здравствено осигурување кои го регулираат правото на користење. Имено границата за користење на боледување поради болест или повреда, на терет на Фондот е симната од 60 на 21 ден, додека за породилното отсуство е зголемена од о денови на 6 месеци работен стаж како услов за користење на ова право.

3.2.3. Капитални расходи за ЈЗУ

Расходите за инвестициони вложувања во ЈЗУ во 2006 година изнесуваат 49.244 илјади денари, кои споредени со планот се помалку остварени за 29,65%, а истите споредени со истиот период од 2005 година се помали за 48,51%. Во 2006 година не се остварени одобрените инвестиции на ЈЗУ Клинички центар за набавка на гастроскопска, колоноскопска и лапароскопска опрема и за хипербарна комора, поради незавршена постапка за јавни набавки до крајот на годината и префрлување на истата во 2007 година.

4. Администрација

Во 2006 година за извршување на функцијата на Фондот се потрошени средства од 404.275 илјади денари или 2,48% од вкупно потрошените средства во тековната година.
Во структурата на овие расходи платите и надоместоците изнесуваат 169.093 илјади денари или учествуваат со 1,04%, стоките и услугите изнесуваат 220.715 илјади денари и учествуваат со 1,36%, а капиталните расходи изнесуваат 14.467 илјади денари и имаат учество од 0,08% во вкупните расходи на фондот.

Остварените функционалните расходи на Фондот, споредени со планираните за 2006 година, се помали за 11,73%, додека истите споредени со остварувањето во 2005 година бележат зголемување за 33,95%,што е резултат на наплатено судско решение од страна на компанијата Зегин по основ на камати за неблаговремено плаќање на обврски за набавка на лекови од страна на ЈЗУ за кои Фондот презел обврска за плаќање.

Табела 30: Расходи за функцијата на Фондот 2006

Вид на расход	2005	%	2006	%	Индекс
Нето основни плати и надоместоци	122.426.891	40,56	123.399.214	31	100,79
Придонеси од плати и персонален данок	46.301.335	15,34	45.417.400	11	98,09
Останати придонеси од плати	28.428	0,01	277.078	0,1	974,67
Патни и дневни расходи	3.182.880	1,05	3.626.068	0,9	113,92
Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	27.793.961	9,21	36.684.096	9,1	131,99
Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	9.910.349	3,28	10.501.346	2,6	105,96
Поправка и тековно одржување	23.315.186	7,73	17.407.188	4,3	74,66
Кирии, банкарски , осигурителни, судски и правни услуги	14.041.056	4,65	13.623.672	3,4	97,03
Други договорни услуги	12.533.164	4,15	11.868.537	2,9	94,70
Други оперативни расходи	23.149.657	7,67	127.004.280	31	548,62
Градежни објекти - реновирање	11.329.726	3,75	2.884.894	0,7	25,46
Други градежни објекти - реновирање	1.557.199	0,52	55.601	0	3,57
Купување мебел, опрема и машини	5.784.999	1,92	11.526.177	2,9	199,24
Други разни трансфери	195.551	0,06	0	0	0,00
ВКУПНО	**301.806.232**	100,00	**404.275.550**	100	133,95

Анализирано поединечно по видови на расходите за функцијата на Фондот, постои зголемување на расходите за плати и надоместоци за 0,79% поради зголемен број на вработени, потоа,расходите за патни и дневни трошоци за 13,92%, што е резултат на зголемените потреби од службени патувања заради имплементација на Проектот за реформа на здравствениот сектор (обука за буџетско работење, за финансиски контролори и др.). Понатаму, зголемување постои кај расходите за комунални услуги за 31,99% и кај расходите за материјали за 5,96%, поради зголемување на цените на истите. Капиталните расходи за купување на опрема во 2006 година се зголемени за 33,95% за набавена информатичка опрема што е во склад со проектот за развој на информатичкиот систем. Останатите видови на расходи во 2006 година бележат намалување.

5. Дозначени средства до јавни здравствени установи- Буџетски плафони


Здравствените услуги на Јавните здравствени установи во 2006 година беа финансирани од Фондот со буџетски плафони кои се утврдени со Одлука на Управниот одбор .
Вкупните буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2006 година изнесуваат 10.095.050 илјади денари, а со извршениот Ребаланс нивниот износ е утврден на износ од 11.532.606 илјади денари.
Фондот вршеше месечно дозначување на средства према јавните здравствени установи во рамките на буџетските плафони.
Буџетските плафони на јавните здравствени установи во 2006 година се остварени во износ од 11.270.471 илјади денари или со индекс 97,73%
Дозначените средства во 2006 година споредени со 2005 година (износ 12.122.347 илјади денари) се помали за 7,03%, што е резултат на приватизацијата што се спроведе во здравствениот сектор.

Табела 31: Дозначени средства до јавни здравствени установи во 2006 година

Ред.бр	Опис	Износ	%
1	Плати и надоместоци	6.156.112	54,62
2	Материјални трошоци	1.558.213	13,83
3	Лекови медицински материјали	3.556.147	31,55
	Вкупно	**11.270.471**	**100,00**

Дозначените средства кои ЈЗУ ги користеле за плати и надоместоци изнесуваат 6.156.112 илади денари и имаат учество од 54,62% во структурата на вкупните дозначени средства.
Дозначените средства, кои ЈЗУ ги користеле за материјани трошоци изнесуваат 1.558.213 илјади денари и имаат учество од 13,83% во структурата на вкупните дозначени средства.
Дозначените средства, кои ЈЗУ ги користеле за лекови и медицински потрошен материјал изнесуваат 3.556.147 илјади денари и имаат учество од 31,55% во структурата на вкупните дозначени средства.

Графикон 11: Структура на дозначени средства од Фондот до ЈЗУ во 2006 година





Табела 32: Дозначени средства во 2006 по здравствени установи- Извршување на буџетски плафони

Ред. Бр	ЈЗУ	Буџетски плафони 2006	Дозначени средства 2006					индекс
			храна и превоз	плати	материјални	лекови	Вкупно	
1	Клиникчки центар	3.583.840.225	167.200.000	1.019.600.000	635.000.000	1.727.454.277	3.549.254.277	99,03
2	Институти	93.556.000	9.240.000	20.400.000	53.468.000	0	83.108.000	88,83
3	Стоматолошки клиники	114.400.000	12.000.000	99.020.000	3.000.000	0	114.020.000	99,67
4	Максилофацијална хирур.	20.382.515	1.793.000	11.848.000	5.320.000	1.242.029	20.203.029	99,12
5	Клиничка болница Битола	537.017.999	34.012.000	267.837.400	65.580.000	160.364.052	527.793.452	98,28
6	Општа болница Гевгелија	96.198.082	6.578.000	47.227.200	9.400.000	26.230.756	89.435.956	92,97
7	Општа болница Гостивар	205.606.147	15.796.000	99.380.000	14.900.000	65.909.559	195.985.559	95,32
8	Општа болница Дебар	55.600.100	4.092.000	27.863.100	8.900.000	13.701.813	54.556.913	98,12
9	Општа болница Кавадарци	110.203.303	7.535.000	49.847.100	9.800.000	40.538.833	107.720.933	97,75
10	Општа болница Кичево	73.561.030	5.335.000	40.730.200	7.900.000	17.865.403	71.830.603	97,65
11	Општа болница Кочани	89.113.000	8.184.000	51.836.000	5.900.000	21.730.250	87.650.250	98,36
12	Општа болница Куманово	265.117.219	22.231.000	133.963.200	16.600.000	89.280.738	262.074.938	98,85
13	Опша болница Охрид	218.869.534	17.688.000	119.400.000	13.232.000	66.272.790	216.592.790	98,96
14	Општа болница Прилеп	259.555.000	19.914.000	133.947.400	26.100.000	68.844.594	248.805.994	95,86
15	Општа болница Струга	102.838.793	8.613.000	58.792.938	8.200.000	25.205.080	100.811.018	98,03
16	Општа болница Струмица	206.083.486	13.277.000	97.485.600	15.900.000	75.235.879	201.898.479	97,97
17	Општа болница Тетово	376.168.151	26.477.000	167.050.000	37.650.000	123.182.979	354.359.979	94,20
18	Општа болница Велес	204.016.540	17.061.000	102.473.860	21.300.000	54.218.779	195.053.639	95,61
19	Општа болница Штип	219.224.932	18.953.000	118.150.900	16.600.000	61.177.741	214.881.641	98,02
20	Здравствен дом Битола	247.397.833	19.690.000	145.344.600	24.339.812	56.561.088	245.935.500	99,41
21	Здравствен дом Гевгелија	48.793.830	4.554.000	33.199.800	3.057.978	6.980.894	47.792.672	97,95
22	Здравствен дом Гостивар	93.636.553	9.680.000	57.439.000	4.000.000	21.628.860	92.747.860	99,05
23	Здравствен дом Дебар	22.470.359	2.639.000	14.560.000	2.980.000	2.089.866	22.268.866	99,10
24	Здравствен дом Кавадарци	45.318.060	5.522.000	35.301.500	3.500.000	684.203	45.007.703	99,32
25	Здравствен дом Кичево	47.762.180	5.115.000	36.486.600	3.100.000	2.617.130	47.318.730	99,07
26	Здравствен дом Кочани	49.252.235	3.793.000	23.623.045	6.253.780	14.884.889	48.554.714	98,58
